**Табела број 28.** Оценете кој од државните органи и колку придонесува кон Вашето чувство за безбедност (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - граѓани.......................................118
**Табела број 29.** Оценете кој од државните органи и колку придонесува кон Вашето чувство за безбедност (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - институции................................118
**Табела број 30.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - граѓани...................................................119
**Табела број 31.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - институции...........................................119
**Табела број 32.** Оценете (од 1 до 5) дали ако имате проблем за решавање кому ќе се обратите - граѓани.................................120
**Табела број 33.** Оценете (од 1 до 5) дали ако имате проблем за решавање кому ќе се обратите - институции..........................120
**Табела број 34.** Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста - граѓани.........................................121
**Табела број 35.** Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста - институции..................................121
**Табела број 36.** Што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која ѝ припаѓате? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - граѓани..............................122
**Табела број 37.** Што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која ѝ припаѓате? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - институции.......................122

**Табела број 38.** Оценете што тоа однадвор ја загрозува безбедноста на Македонија - граѓани........................................123
**Табела број 39.** Оценете што тоа однадвор ја загрозува безбедноста на Македонија - институции................................124
**Табела број 40.** Во која мерка следните работи можат да придонесат за зачувување на безбедноста на Македонија? - граѓани..........................................................................................125
**Табела број 41.** Во која мерка следните работи можат да придонесат за зачувување на безбедноста на Македонија? - институции...................................................................................125
**Табела број 42.** Со кои средства би требало државата на која ѝ припаѓате да се грижи за својата безбедност? - граѓани.....126
**Табела број 43.** Со кои средства би требало државата на која ѝ припаѓате да се грижи за својата безбедност? - институции...................................................................................127
**Табела број 44.** Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? - граѓани..........................................................................................128
**Табела број 45.** Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? -институции...................................................................................129
**Табела број 46.** Ве молиме, определете дали и колку се согласувате со следните оценки - граѓани................................130
**Табела број 47.** Ве молиме, определете дали и колку се согласувате со следните оценки - институции.........................131

## ГРАФИКОНИ

**Графикон број 1.** Испитаници според планскиот регион.......29
**Графикон број 2.** Приказ на испитаници според полот..........32
**Графикон број 3.** Испитаници според возраста.......................33
**Графикон број 4.** Испитаници според националност.............35
**Графикон број 5.** Испитаници според вероисповед................35
**Графикон број 6.** Степен на образование.................................37
**Графикон број 7.** Испитаници според занимањето................39
**Графикон број 8.** Оценете го нивото на чувството на безбедност во средината во која живеете и работите? – испитаници граѓани и од институциите.....................................42
**Графикон број 9.** Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите во периодот 2008-2018 година...........................................................................................43

**Графикон број 10.** Доколку се чувствувате безбедно, што и колку придонесува така да се чувствувате? - граѓани..............44
**Графикон број 11.** Доколку се чувствувате безбедно, што и колку придонесува така да се чувствувате? - граѓани..............45
**Графикон број 12.** Доколку се чувствувате безбедно, што и колку придонесува така да се чувствувате? - граѓани..............45
**Графикон број 13.** Доколку се чувствувате безбедно, што и колку придонесува така да се чувствувате? - институции........46
**Графикон број 14.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно....................................................................48
**Графикон број 15.** Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста?- граѓани.....................56
**Графикон број 16.** Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста? - институции.............57
**Графикон број 17.** Што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која и припаѓате? (оцентете од 1-5: 1 најмалку 5 најмногу) - граѓани..........................................................................................58
**Графикон број 18.** Што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која и припаѓате? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку 5 најмногу) - институции.....................................................................................59
**Графикон број 19.** Оценете што тоа однадвор ја загрозува безбедноста на Македонија - граѓани.........................................66
**Графикон број 20.** Оценете што тоа однадвор ја загрозува безбедноста на Македонија - институции..................................67
**Графикон број 21.** Во која мерка следните работи можат да придонесат за зачувување на безбедноста на Македонија? - граѓани..........................................................................................68
**Графикон број 22.** Во која мерка следните работи можат да придонесат за зачувување на безбедноста на Македонија? – институции.....................................................................................69
**Графикон број 23.** Со кои средства би требало државата на која што и припаѓате да се грижи за својата безбедност? - граѓани..........................................................................................71
**Графикон број 24.** Со кои средства би требало државата на која што и припаѓате да се грижи за својата безбедност? - институции.....................................................................................72
**Графикон број 25.** Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? - граѓани........................................................................................74
**Графикон број 26.** Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? - институции..................................................................................74

**Графикон број 27.** Оценки за придобивките од членството во НАТО – граѓани.........................................................................75
**Графикон број 28.** Оценки за придобивките од членството во НАТО - институции.........................................................................77
**Графикон број 29.** Индекс на безбедност по видови, граѓани, институции и вкупно........................................................................99

## ПРЕГЛЕДИ

**Преглед број 1.** Ставовите на испитаниците за начините за зачувување на безбедноста на Македонија................................70

# ПРЕДГОВОР

По втор пат пред јавноста го претставуваме Индексот на безбедност. Обидот е да се илустрира колку е сложена и комплексна безбедноста како појава, колку се бројни концептите и колку е напорно да се бараат заеднички карактеристики, односно да се утврди сет на индикатори, кои со определена сигурност ќе предупредуваат, ќе укажуваат или ќе навестуваат промена. Индексот на безбедност е конципиран како своевиден инструмент кој ќе биде во функција на проценка на нивото на безбедност во Република Македонија[1] и ќе им биде од корист на субјектите кои носат одлуки. Како показател е обид од определен сет индикатори да се изгради синтетички показател кој ќе упатува на потребата од барање одговор. Насоката на одговорот е поврзана со останатите состојби, материјално-техничка опременост и човечки потенцијали и посветеност кон задачите да се идентификува состојбата таква кава што е и врз таа основа да се преземат сите потребни дејствија и да се употребат ресурсите и потенцијалите во создавање услови за непречено функционирање на системот. Значи, со овој пристап се настојува да се идентификуваат определен број индикатори кои се во функција на градење на оценките за степенот на безбедност во земјата, за да можат корисниците на Индексот, но и носителите на одговорните должности, да вршат проценка на степенот на остварување определени стандарди и во делокругот на надлежностите да имаат јасна претстава за тоа како и да преземат дополнителни активности за да се задржи, да се подобри или да се унапреди безбедносната состојба во земјата.

Индексот треба да се набљудува првенствено како алатка која ќе им биде од полза на корисниците за да им помага и да се набљудува процесот на градењето на безбедноста во рамките на надлежностите на државните и други одговорни органи.

---

[1] "Со договорот од Преспа потпишан на 17 јуни, 2018 година отпочна процесот за промена на уставното име на Република Македонија. Договорот стапи на сила на 12.02.2019 година. Бидејќи Индексот на безбедност II е започнат со изработка пред стапување на договорот на сила, низ текстот ќе се користи името "Република Македонија"

Индексот на безбедност треба и да помогне да се разбере и да се унапреди концептот на безбедносна проценка и да се гради систем на индикатори кои упатуваат на конкретни работи кои се важни за набљудување во однос на стандардите кои се во областа или можат да се конструираат. Воедно, Индексот е така осмислен за да му овозможи на корисникот подобро да ги разбере сложените општествени, правни, економски и безбедносни индикатори и да упати на клучните информации за кои е важно да се собираат податоци и да се набљудуваат во процесот на проценката на безбедноста во Република Македонија.

Потребата за изработка на ваков инструмент произлегува од остварените истражувачки резултати на Факултетот за безбедност – Скопје и континуираното следење на сложените безбедносни процеси во Република Македонија во изминатите повеќе од четиридецениски раст на оваа институција.

Индексот на безбедност е сублимат на определен број индикатори и со помош на повеќедимензионален концепт на мерење е конструиран како синтетички показател кој има функција да упатува на состојбите и да поттикнува кон барањето одговори и нудењето решенија за начинот на справувањето со истите и во обезбедувањето на функционалноста и ефикасноста на системот. Значи, станува збор за комбинација на определени индикатори чија цел е да даде краток преглед на сложената стварност.

Во ова издание и претставените истражувачки резултати се во функција на доградба и на утврдување на индикаторската рамка која ќе понуди можности за градење на Индекс на безбедност. Понудените резултати упатуваат на определени состојби, укажуваат на определени манифестни облици и индицираат на потребата од соодветна акција.

И во оваа прилика, би сакале да се заблагодариме на директорот на Фондацијата Конрад Аденауер, Јоханес Раи, и на неговите соработници од Претставништвото во Скопје, за континуиранаата поддршка која ја имаме од нивна страна, со што непосредно дава придонес кон градењето пристапи во развојот на безбедноста и стабилизацијата на земјата.

Воедно им благодариме на Наставно-научниот совет и деканот на Факултетот за безбедност Скопје проф. д-р Никола Дујовски за донесените одлуки, а на рецензентите проф. д-р Трајан Гоцевски од Филозофскиот факултет при УКИМ-Скопје и проф. д-р Томе Батковски од Факултетот за безбедност-Скопје при УКЛО-Битола за објавените позитивни рецензии.

Скопје, април 2019

д-р Цане Т. Мојаноски
д-р Марјан Ѓуровски

# ВОВЕД

Идентификувањето на суштината и природата на безбедноста претставува комплексен и мултидимензионален проблем и предизвик. Постои консензус дека безбедноста подразбира слобода од закани по основните вредности. Но, има несогласување дали главниот фокус на истражувањето треба да биде на индивидуалната, националната, меѓународната безбедност или на интегралната безбедност. Во периодот на Студената војна беше доминантна идејата за национална безбедност, која, главно, беше дефинирана со воени термини. Според Бузан, „безбедноста значи ослободување од закани" (Buzan, 1983). Месјаж смета дека поимот безбедност може да се користи во три значења: а) „традиционално значење" - безбедноста како атрибут на државата, отсуство на воен конфликт - „воена безбедност"; безбедност што се користи во поширока смисла на зборот, а, сепак, се однесува директно на феномени кои се случуваат во меѓународните односи, или директно/индиректно предизвикани од меѓудржавни односи; б) безбедноста како јавно добро и в) безбедност во универзална смисла (поединечно и на ниво на општествена заедница) - безбедноста на луѓето (Mesjasz, 2008, стр. 570).

Поимот *безбедност* најчесто се доведува во релација со поимот *држава*. Мирко Грчиќ во основните државни функции, покрај услужната, економската, правната, социјалната и идеолошката, ја вбројува и безбедносната функција, како супстрат на претходно наведените државни функции. Безбедносната функција може да се идентификува и со принудната функција на државата, врзана за зачувување на виталните вредности на општеството: суверенитетот, територијалниот интегритет и независност, како и борбата против сите видови криминални дејства (Grčić, 2000, стр. 133). Според Слободан Милетиќ, „безбедност е именка, и тоа апстрактна, односно мисловна именка која не е од материјална природа, значи не може да се допре, туку само може да се чувствува и да се замислува". Тој смета дека човекот е „безбеден ако не е изложен на опасности, кога е заштитен од загрозување и повредување на неговиот фи-

зички интегритет, неговата приватност, достоинство и сигурност, кога се заштитени неговите слободи и права, посебно правото на сопственост, т.е. кога неговиот имот е заштитен од отуѓувања, уништувања или оштетувања против неговата волја“ (Милетић, 2003, стр. 22). Оттаму, авторот смета дека „безбедноста на човекот е состојба на заштитеност на човекот од опасности“, односно „безбедноста на граѓаните не е можна без безбедност на нивната држава и обратно“. Според друг автор (Стајић, 2004, стр. 44), пак, безбедноста е „својство на некој реален, општествен, природен или технички субјект (суштество, творба или предмет) манифестирано како воспоставена, одржана или унапредена состојба и/или вредност, која се изразува преку исполнување минимум одредени (безбедносни) стандарди својствени на тој субјект, кои му овозможуваат реална основа за опстанок, раст и развој, без оглед на носителите, обликот, времето и местото на можно загрозување“.

Во меѓународните односи, безбедноста се дефинира различно и мошне често од тие причини овој поим во литературата се користи без негово поблиско определување. Во суштина, тој е спорен концепт, не само поради неговата недостижна природа и содржина со оглед на времето и местото во кое се дискутира за него, туку, исто така, поради фактот што дискусијата за безбедноста неизбежно е поврзана со други категории: страв (за физички опстанок), отсуство на структурно насилство, мир, благосостојба и стабилност.

Во класична смисла, поимот безбедност е изведен од латинскиот збор *securitas*, кој се однесува на спокојство или чувство на заштитеност, односно отсуство на страв (Liotta, 2002). Посеопфатна дефиниција за безбедноста дава Волферс, според кој „безбедноста, во објективна смисла го мери отсуството на закани кон прифатените вредности, а во субјективна смисла отсуството на страв дека таквите вредности ќе бидат нападнати“ (Wolfers, 1962). Според Рамо Маслеша, „безбедноста претставува најосновна општествена цел без која нема опстанок

на општеството и овој поим се употребува, речиси, во сите области на животот и работата и оттука, сите настојувања одат во правец на воспоставување соодветна рамнотежа помеѓу човекот и безбедноста“ (Masleša, 2001, стр. 7). За Синиша Таталовиќ безбедноста е „структурен елемент на опстојувањето и дејствувањето на поединците, општествата, државите и меѓународната заедница и таа е една од темелните животни функции“ (Tatalović, 2006, стр. 11). Митко Котовчевски смета дека „безбедноста може да се третира како состојба во која е осигурен урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другите поединци, општествени заедници и природата, или безбедноста, во суштина, претставува иманентен структурен дел на општеството што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а, исто така, и дејност, односно систем“ (Котовчевски, 2000, стр. 21). И за Трајан Гоцевски безбедноста во најширока политичко-правна смисла ги опфаќа мерките и активностите за зачувување и заштита од сите видови загрозувања на независноста и територијалната целокупност на една земја и заштита на внатрешниот државен и правен поредок.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Од методолошка гледна точка, значајно при истражувањето и разработката на материјата претставува утврдувањето (анализата) на состојбата, ефикасноста, оправданоста, транспарентноста, поставеноста, меѓусебната координација и соработката на субјектите на безбедноста. Според тоа, методолошката рамка ја детерминираат дескриптивниот и структуралниот карактер на истражувањето. Главната определба на истражувањето е стекнување непосредни сознанија, перцепции на граѓаните за одделни безбедносни состојби и предизвици на Република Македонија. Во согласност со поставената

хипотетичка рамка, предметот и целта на истражувањето, беа применети следниве истражувачки постапки.

Во ова истражување, соодветно на начинот на прибирање на извори за анализа, како и природата на самиот предмет на истражување, беа користени следните општи истражувачки методи: *аналитичко-синтетички, индуктивно-дедуктивен и статистички метод.*

» **Аналитичко-синтетички** метод – како почетна и основна логичко-методолошка постапка со цел мисловно теориско и практично раздвојување или концентрирање на предметот на истражување и неговите составни делови;
» **Индуктивно-дедуктивен** метод – како најопшт пристап во извлекување на заклучоците;
» **Статистички** метод – преку анализа и интерпретација на истражувачките резултати, добиени со анкетата како мерен инструмент во испитувањето на безбедносните ставови, квантитативно да се истражи безбедноста како масовна појава. Се направи споредба помеѓу различните форми на анкетирање кои се применуваа и во безбедносните истражувања.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ПОСТАПКИ И ТЕХНИКИ

Во истражувањето на општествените, па оттаму и на безбедносните појави како нивен составен дел, постојат бројни дебати околу оправданоста на квантитативната постапка, не само поради тоа што станува збор за особено сложени појави, туку и поради опасноста процесот на квантификацијата да добие карактер на сувопарен емпиризам, без согледување на останатите содржини што низ една продлабочена теориско-епистемиолошка процена и анализа би ги имале. Токму затоа и денес не е ретко да се сретнат укажувањата дека познавањето на определена аналитичка алатка, или користењето на

некој инструмент (софтверско решение, на пример, SPSS или PSPP) не се одговор или пристап кој нуди одговор на поставените прашања, посебно на неможноста да се трага по солидни одговори на сложените теориско-епистемиолошки проблеми на безбедноста. Несомнено е дека истражувањето на безбедносната политика, ризиците и заканите по безбедноста, а особено не нејзиното истражување преку ставовите на граѓаните, не може да ги отвори и да ги одгатне сите загатки, недоречени и недовршени дебати за поимот безбедност и неговите феноменолошки карактеристики, туку истражувањето е само еден емпириски пресек на ставовите и можност за зајакнување на индикаторската основа во градењето на тврдењата за објаснувањето на заканите по безбедноста, а низ сложената аналитичка постапка и на натамошното развивање на ставовите за факторите на креирање на безбедносната политика. Имајќи предвид дека прашањето за истражувањето на безбедноста, на ставовите на граѓаните, временски е определено, тоа нема амбиција да ги одговори сите прашања, туку да отвори еден поглед, да понуди емпириски материјал, кој низ критичка анализа и нивно имплементирање во научниот фонд ќе придонесува во зајакнувањето на научно-проверливите тврдења и ставови и во тој контекст е обидот да се понудат конструктивни модели кои ќе бидат  во функција на унапредување на безбедносната практика. Науката по дефиниција е антимонополска дејност, таа е пропулзивна за ставовите и гледиштата кои ќе ја издржат теориско-емпириската валидизација на секој податок и тврдење. Со надеж дека истражувачките резултати се скромен придонес во тој општ напор, преку оваа расправа, на научната, стручната и другата љубопитна јавност ѝ се нудат сознанија за поттик за плодна научна дебата, но и основа за натамошна надградба на научните и истражувачките пристапи во креирањето на безбедносната политика, посебно во градењето на конструкти, инструменти и модели кои ќе ја унапредуваат практиката и ќе бидат во контекст на поставување соодветен безбедносен концепт во Република Македонија.

Во истражувањето е применето индивидуално интервју. Станува збор за насочено и структурирано интервју, кое во облик на социодемографска анкета е пополнувано од страна на стручен соработник-интервјуер. За таа цел беа интевјуирани 760 испитаници во 30 општини.

Во институциите беа доставени по 30 анкетни листови, кои во рамките на редовната комуникација беа доставени до вработените во истите. Анкетните листови пополнети преку пошта беа доставени до истражувачкиот тим.

За потребите на истражувањето беа изработени:

а) Основа за разговор: Мислењето на граѓаните за безбедноста и безбедносните закани за Република Македонија.

б) Анкетниот дневник, Аналитичката табела за обработка на податоците, Кодексот на шифри и Упатството за примена на Основата за разговор и обезбедувањето соговорник.

Основата за разговор беше наменета за испитување на ставовите на граѓаните.

Истражувањето се спроведе во периодот од 21 ноември до 10 декември 2018 година, на подрачјето на Република Македонија.

Во институциите: Агенција за разузнавање, Дирекција за заштита и спасување, Дирекција за безбедност на класифицирани податоци, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Центар за управување со кризи и Министерство за внатрешни работи, анкетата беше спроведена во периодот од 15 до 25 декември 2018 година.

За обработка на податоците беше изработен Кодекс на шифри (кодна листа) и во софтверскиот пакет *Excel* беше из-

работен Модел за компјутерска обработка на податоците од инструментите. Беше извршена обработка на податоци и шифрирање и внесување во сметачка машина-компјутер. Во собирањето и обработката на податоците беа ангажирани повеќе стручни соработници. Обработката и статистичките пресметки на истражувањето се извршени во софтверскиот статистички пакет *PSPP*.

## НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕРНИТЕ СКАЛИ УПОТРЕБЕНИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

За примената на определен број мултиваријантни постапки во обработката на податоците беше утврдуван и коефициентот на внатрешната согласност на варијаблите, оценките за мерење на степенот на безбедност. Тоа е степенот до кој вредностите што ја сочинуваат скалата се исти со мерките на атрибутот што му припаѓа на субјектот, т.е. до кој степен се меѓусебно поврзани. Интерната конзистентност ($\alpha>0,5$ ) претставува доследност во давањето одговори на поставени прашања, т.е. дали тие мерат иста единствена карактеристика. Инстументот е посигурен доколку одговорите на независните предмети корелирани меѓу себе се повисоки. За оценка на интерната конзистентност се користи Кронбаховиот(Cronbach) алфа коефициент. Вредноста се движи меѓу 0 и 1, при што блискоста кон 1 означува висока сигурност на инструментот. Не постои согласување околу тоа што е минимална прифатливост на вредноста за вредноста на алфа коефициентот. Постои мислење дека 0,7 е минимално прифатливото ниво за интерна конзистентна сигурност, додека друго гледиште смета дека треба да се прифаќа вредност $\alpha>0,5$ како индикатор за добрата интерна сигурност. Како конвенција е ставот дека најниско прифатлива гранична вредност за алфа е 0,6. Постојат и построги критериуми за минимална вредност на коефициентот $\alpha$ (на пример во клиничките истражувања), што, исто така, зависи од видот на истражувањата и областа во која се применуваат.

Во инстументот беа дефинирани повеќе батерии прашања со скала од ликертов тип.

Зависно од природата и намената на скалата, се бараат различни нивоа на сигурност, обично не се прифаќа сигурност помала од 0,7. Кронбаховиот алфа коефициент се менува во зависност од бројот на вредностите на скалата. Така, за мал број вредности на скалата (помалку од 10), показателите на Кронбаховиот алфа коефициент, најчесто, се особено мали. Во такви случаи, се смета дека е подобро да се пресмета и во извештајот да се наведе средната вредност на корелацијата меѓу секој пар од вредностите. Оптималната средна вредност на корелацијата меѓу паровите на вредностите на скалата изнесува меѓу 0,2 и 0,4 (Мојаноски Ц. Т., 2015, стр. 41-42). Во следната табела се дадени вредноста на Кронбаховиот алфа  коефициентот и може да се констатирадека еден број ставки имаат вредност над 0,8 (Willan & Briggs, 2006, стр. 158), (Bnggs & Cheek, 1986, стр. 106-148).

***Табела број 1. Кронбаховиот алфа коефициент за прашањата***

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања во прашалникот _– граѓани:** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 9 | 10 | 11 | 12 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | сите |
| Кронбах алфа | 0,73 | 0,72 | 0,84 | 0,65 | 0,82 | 0,89 | 0,67 | 0,80 | 0,74 | 0,60 | 0,82 | 0,65 | 0,84 | 0,67 | 0,76 | 0,93 |
| бр. на примероци | 7 | 8 | 9 | 8 | 5 | 11 | 7 | 9 | 8 | 5 | 10 | 7 | 15 | 11 | 14 | 135 |
| **Прашања во прашалникот – институции:** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Кронбах алфа | 0,49 | 0,79 | 0,82 | 0,51 | 0,79 | 0,89 | 0,79 | 0,75 | 0,69 | 0,74 | 0,89 | 0,62 | 0,88 | 0,41 | 0,56 | 0,89 |
| бр. на примероци | 7 | 8 | 9 | 8 | 5 | 11 | 7 | 9 | 8 | 5 | 10 | 7 | 15 | 11 | 14 | 132 |

При пресметка на Кронбаховиот алфа коефициент, за секоја батерија посебно беше пресметувана вредноста на придонесот на секоја ставка во вкупниот коефициент. Може да констатираме дека во ниту една батерија немаше ситуација во која може да се констатира потреба од исклучување на некоја ставка. Секоја од нив, во рамките на одделеното прашање има соодветен и значаен придонес во вкупниот показател на Кронбаховиот алфа коефициент.

И поради укажувањето на вредностите од прашањето 22, каде се наведени четири ставки, како дополнителен аргумент

ќе биде корелационата матрица. Пресметката е дадена во следната табела.

***Табела број 2 Доколку се чувствувате <u>безбедно</u>, што и колку придонесува така да се чувствувате?- корелациона матрица***

| | 9.1 | 9.2 | 9.3 | 9.4 | 9.5 | 9.6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.1 живеам во добро опкружување | 1 | | | | | |
| 9.2 државните органи добро ја работат својата работа | ,32 | 1 | | | | |
| 9.3 затоа што сум способен/на да се заштитам себеси | ,10 | ,35 | 1 | | | |
| 9.4 затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот | ,17 | ,32 | ,29 | 1 | | |
| 9.5 затоа што имаме одличен соживотот во државата | ,20 | **,55** | ,22 | ,21 | 1 | |
| 9.6 имам работа и сум економски стабилен/на | ,30 | ,29 | ,23 | **,39** | **,41** | 1 |

M= 0,291

***Табела број 3. Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? - корелациона матрица***

| | 23.1 | 23.2 | 23.3 | 23.4 | 23.5 | 23.6 | 23.7 | 23.8 | 23.9 | 23.11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23.1 дополнително ќе ја осиромаши | 1 | | | | | | | | | |
| 23.2 ќе ја доведе до загуба на националниот идентитет на македонскиот народ | ,72 | 1 | | | | | | | | |
| 23.3 ќе ја доведе до загуба на суверенитетот и независноста | ,72 | ,89 | 1 | | | | | | | |
| 23.4 ќе ја принуди Р Македонија да се откаже од името | ,56 | ,61 | ,64 | 1 | | | | | | |
| 23.5 ќе ја зголеми нејзината безбедност | ,01 | ,04 | ,04 | ,20 | 1 | | | | | |
| 23.6 ќе ја вовлече во конфликти и опасност од тероризам | ,22 | ,24 | ,16 | -,09 | -,40 | 1 | | | | |
| 23.7 ќе ја намали опасноста од надворешни напади | -,05 | -,15 | -,15 | ,02 | ,45 | -,18 | 1 | | | |
| 23.8 ќе го зголеми приливот на странски инвестиции | -,47 | -,50 | -,49 | -,43 | ,15 | ,00 | ,31 | 1 | | |
| 23.9 ќе ја модернизира АРМ | -,52 | -,47 | -,50 | -,46 | ,14 | ,08 | ,27 | ,74 | 1 | |
| 23.10 ќе ги попречи нашите односи со Русија, Индија, Кина и др. | ,11 | ,10 | ,10 | ,09 | -,05 | ,24 | -,13 | ,07 | ,17 | 1, |

M=0,068

Од понудените резултати можеме да оцениме дека сите варијабли се во рамките, односно под вредноста на Кронбаховиот алфа коефициент и сите тие придонесуваат за неговата вредност, па со право можеме да констатираме дека постои поврзаност меѓу споредуваните варијабли и тие не сочинуваат компоненти на единствен скор.

Поврзаноста на применетите варијабли е утврдена со Пирсоновиот коефициент на корелација (R).

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ

Основно при утврдувањето на мострата е да се одбегне пристрасноста. Тоа се обезбедуваше преку примената на случајноста во изборот. Кога го употребуваме поимот „случајност“, пред сѐ, имаме предвид дека се работи за грижливо планирана активност, при што во статистичката маса на сите единици им се дава подеднаква можност да бидат избрани.

Во истражувањето е користен повеќеетапен примерок. Повеќеетапниот примерок е тип на стратификациски примерок. Тој се применува кога популацијата е голема, а за истражување немаме многу време и пари. На пример, сакаме да го утврдиме мислењето на граѓаните за определена акција на полицијата. По случаен избор избираме неколку места, потоа во нив избираме определен број населени целини, а изборот на соговорниците ќе го избереме случајно.

Во применетите истражувања, кои се преземаат на факултетите, помалку се посветува внимание на проблемот на примерокот, што е и разбирливо кога се знае дека ова истражување, пред сѐ, има за цел не да се утврдуваат законите и законитостите во областа на безбедноста (тие се обично резултат на фундаменталните истражувања), туку да ги применат во практиката. Меѓутоа, има доста проблеми при реализацијата во зависност од средината во која се спроведува (на факултетите нови модели на учење, нови наставни поставки итн., во органите на управата нови модели на решавање на проблемите) коишто, најнапред, треба да бидат проверени (следени и проучувани) на помал број испитаници, на ограничен број постапки и ограничени содржини и слично, пред да се „прошират“ на сите учесници, наставните содржини, варијаблите и по-

стапките на кои се однесува таквото истражување (Мојаноски Ц. Т., 2013, стр. 254-264).

Испитаниците беа избирани на тој начин што, најнапред, во секоја општина, градско или селско населено место се формираше јадро. Во секое од јадрата се вршеше посета на секое петто домаќинство во индивидуалните живеалишта, односно секое 20 домаќинство во колективните живеалишта. Доколку на денот на посетата никој не е присутен, или одбие соработка, предмет на интерес беше следното живеалиште.  Упатствата беа така срочени, доколку некој и во тој случај одбие, тогаш изборот е на следното петто живеалиште.

Изборот на испитаниците бил извршен по принципот на близок роденден на член на семејството. Применето е структурирано интервју (лице во лице). Истражувањето било конципирано на тој начин да ги опфати сите делови на Република Македонија и да се постигне приближен број испитаници од сите делови, од град и село. Имено, поради релевантноста на резултатите било водено сметка да бидат застапени испитаници од сите региони во Република Македонија во согласност со официјалната територијална поделеност. Истражувањето беше спроведено во 30 општини во Македонија (Скопје, Гази Баба, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Берово, Битола, Брвеница, Виница, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Зелениково, Илинден, Јегуновце, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Кривогаштани, Куманово, Петровец, Пехчево, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Старо Нагоричане, Струмица, Тетово). Регионалната структура на испитаниците покажува дека таа во основа е постигната во осумте плански региони на Република Македонија. Бројот на испитаници е нешто помал во Јужниот и Југозападниот плански регион, затоа што при реализацијата не постоеше можност да се ангажираат доволен број соработници. Регионално гледано дистрибуцијата на испитаниците изгледа вака: следува табеларен приказ на испитаници по региони:

***Табела број 4. Испитаници според планскиот регион***

| **Плански регион:** | *f* | % |
|---|---|---|
| Скопски | 220 | 28,95 |
| Пелагониски | 60 | 7,89 |
| Североисточен | 60 | 7,89 |
| Полошки | 60 | 7,89 |
| Јужен | 60 | 7,89 |
| Источен | 180 | 23,68 |
| Југоисточен | 80 | 10,53 |
| Југозападен | 40 | 5,26 |
| **Вкупно** | | **760**<br>**100,00** |

***Графикон број 1. Испитаници според планскиот регион***



Составен дел на истражувачките резултати се и анкетните листови на испитаниците од институциите кои во Република Македонија имаат уставна и законска надлежност да остваруваат функции во областа на безбедноста.

***Табела број 5. Испитаници според институцијата во која работат***

| *Институција:* | *f* | *%* | *реализирани* | |
|---|---|---|---|---|
| Агенција за разузнавање | 31 | 20,00 | 3,33 | -22,50 |
| Дирекција за заштита и спасување | 28 | 18,06 | -6,67 | -30,00 |
| Дирекција за безбедност на класифицирани податоци | 23 | 14,84 | -23,33 | -42,50 |
| Комора на Република Македонија за приватно обезбедување | 28 | 18,06 | -6,67 | -30,00 |
| Центар за управување со кризи | 22 | 14,19 | -26,67 | -45,00 |
| Министерство за внатрешни работи | 23 | 14,84 | -23,33 | -42,50 |
| **Вкупно** | **155** | **100,0** | **-13,89** | **-22,50** |

Од податоците може да се воочи дека во институциите замолницата да одговорат (да го пополнат Прашалникот) наишла на нееднаков однос. Прашалникот е потполно исполнет во Агенцијата за разузнавање, потоа во Дирекцијата за заштита и спасување и Комората на Република Македонија за приватно обезбедување (со -6,67 % помалку пополнети прашалници), следуваат Дирекцијата за безбедност на класифицирани податоци и Министерството за внатрешни работи (со -23,33 % помалку пополнети прашалници) и со 22 пополнети прашалника или -26,6 7% е Центарот за управување со кризи. Исто така, ако се погледне односот кон прашањата и одговорите давани во него ќе може да се констатира дека испитаниците не одговориле на сите поставени прашања. Ваквата состојба укажува на тоа дека испитаниците од институциите не им посветиле вни-

мание на поставените прашања, или можеби не ги разбрале до крај, како и можеби имаат таква култура кон инструментите и обраќањето на истражувачките тимови кон нив. Веројатно се можни и други причини, но истражувачкиот тим е благодарен кон сите се одважиле и одговориле на замолницата да го пополнат Прашалникот.

Според видот на населбата, истражувањето покажа дека 507 жители или 66,71 % живеат во град, а 253 жители или 33,29 % живеат на село. Оваа покриеност овозможува да се добијат релевантни податоци во делот на мислењето на загрозеноста на луѓето кои живеат во градска или во селска средина.

***Табела број 6. Испитаници според местото на живеење***

| | граѓани | | институции | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % |
| 1 град | 507 | 66,71 | 144 | 92,90 |
| 2 село | 253 | 33,29 | 11 | 7,10 |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **155** | **100,00** |

Во однос на половата припадност, во истражувањето е обезбедена релативно висока присутност на испитаници 381 мажи, односно 50,13 % и 379 жени, односно 49,87 %. Оттука, теоријата на родовите перспективи и еднакви можности на жените и мажите е испочитувана со што може да се види дали има разлика во перципирањето на безбедноста кај женскиот и машкиот пол.

Дистрибуциите кај испитаниците од институциите покажува дека доминантно тие живеат во Град Скопје, а значително мал дел на село.

Во врска со дистрибуциите поврзани со родовата припадност, испитаниците се определиле на следниот начин:

*Табела број 7. Испитаници според полот*

| | граѓани | | институции | |
|---|---|---|---|---|
| *Пол:* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| 1 мажи | 381 | 50,13 | 95 | 61,29 |
| 2 жени | 379 | 49,87 | 60 | 38,71 |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **155** | **100,00** |

*Графикон број 2. Приказ на испитаници според полот.*




*Табела број 8. Возраст на испитаниците*

| | ***граѓани*** | | ***институции*** | |
|---|---|---|---|---|
| **години** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** |
| од 18 до 25 | 158 | 20,79 | 8 | 5,67 |
| од 26 до 35 | 155 | 20,39 | 29 | 20,57 |
| од 36 до 45 | 186 | 24,47 | 41 | 29,08 |
| од 46 до 55 | 153 | 20,13 | 50 | 35,46 |
| од 56 до 65 | 70 | 9,21 | 13 | 9,22 |
| над 66 год. | 38 | 5,00 | - | - |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **141** | **100,00** |

Во анкетирањето се опфатени испитаници на возраст од 18 до постари од 66 години. Од нив до 25 години се опфатени 20,79 % од испитаниците, од 26 до 35 години се опфатени 20,39 %, од 36

до 45 години се опфатени 24,47 %, од 46 до 55 години се опфатени 20,13 %, од 56 до 65 години се опфатени 9,21 % и испитаници на возраст над 66 години се опфатени 5,00 %.

Кај испитаниците од институциите 14 испитаници или 9,03 % не одговориле на ова прашање. Од оние што одговориле на ова прашање 5,67 % се до 25-годишна возраст, 20,57 % до 35-годишна возраст, до 45 години се 29,08 %, а во зрела доба до 55 години се 35,46 %, односно до 60-годишна возраст се 9,22 %. Тоа укажува дека возрасната структура е нешто поспецифична, но таа во основа ја изразува состојбата на возрасната структура во институциите од областа на безбедноста.

Што се однесува, пак, до податоците од испитаниците граѓани, тие укажуваат дека во возрасната структура на испитаниците е обезбеден баланс на возрасните групи од 18 до 55 години старост и дека тие обезбедуваат претпоставки за анализирање на разликите меѓу младите и постарите лица, за тоа какви се нивните ставови за функционирање на безбедносниот систем и каде тие се наоѓаат во генералната безбедносна политика на земјата.

***Графикон број 3. Испитаници според возраста***



***Табела број 9. Испитаници според националност***

| | *граѓани* | | *институции* | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Македонец | 475 | 62,50 | 122 | 79,74 |
| Албанец | 190 | 25,00 | 16 | 10,46 |
| Турчин | 25 | 3,29 | 3 | 1,96 |
| Влав | 6 | 0,79 | 4 | 2,61 |
| Србин | 20 | 2,63 | 5 | 3,27 |
| Бошњак | 25 | 3,29 | 1 | 0,65 |
| Ром | 18 | 2,37 | 2 | 1,31 |
| Нешто друго, што? | 1 | 0,13 | - | - |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **153** | **100,00** |

Карактеристиките на примерокот според припадноста на националните заедници во земјата покажува дека во основа се обезбедени приближни пропорции на испитаниците од албанската етничка заедница, но дека кај одделни заедници, како што е турската и ромската, е нешто помал, а повисок кај српската и бошњачката етничка заедница. Во целина може да се констатира дека отстапувањата не се поголеми од 3 % и дека е обезбедена соодветна вклученост на испитаници од сите етнички заедници во Република Македонија, пред сè, на оние кои се составен дел на Преамбулата на Уставот на Република Македонија (Устав на Република Македонија - со амандманите на Уставот I-XXXII, 2011).

***Графикон број 4. Испитаници според националност:***

***граѓани*** ***институции***







Примерокот на испитаници ја изразува структурата на населението според верската припадност, констатирана според пописот на населението во 2004 година.

***Табела број 10. Испитаници според вероисповед***

| | *граѓани* | | *институции* | |
|---|---|---|---|---|
| ***5. Вероисповед:*** | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Православна | 478 | 62,89 | 121 | 80,13 |
| Муслиманска | 258 | 33,95 | 18 | 11,92 |
| Католичка | 13 | 1,71 | 2 | 1,32 |
| Протестантска | 2 | 0,26 | 4 | 2,65 |
| Атеист | 3 | 0,39 | 4 | 2,65 |
| Нешто друго, што? | 5 | 0,66 | 2 | 1,32 |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **151** | **100,00** |

***Графикон број 5. Испитаници според вероисповед***

***граѓани*** ***институции***






Во структурата на примерокот во врска со мултиконфесионалноста на населението може да се забележат пропорции кои значително не отстапуваат од оние кои се официјални во земјата, што се однесува до најбројните конфесии, за разлика од нив кај помалите има извесни отстапувања. (Имено, според пописот во Република Македонија од 2004 година православни се 64,7 %, муслимани 33,3 % и други 2 %). Може да се констатира дека примерокот ја изразува мултирелигиозната структура на населението во Република Македонија и дека врз таа основа ќе можат да се донесуваат заклучоци.

Образовната структура на примерокот е обезбедена преку расчленување на образовните профили на повеќе степени. Во примерокот 14 или 1,84 % се без образование, 86 или 11,32 % се со основно образование, 19 или 2,50 % се со КВ и ВКВ училиште, со средно образование се 410 или 53,95 %, со вишо образование се 116 или 15,26 %, со високо образование се 89 или 11,71 %, од нив 16 или 2,11 се магистри и 9 или 1,18 % се доктори на науки.

Ако се групираат овие податоци во три групи, образовната структура на испитаниците во примерокот изгледа вака:

***Табела број 11. Степен на образование***

| | *граѓани* | | *институции* | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* |
| До и основно училиште | 101 | 13,29 | 1 | 0,65 |
| ССС | 429 | 56,45 | 29 | 18,83 |
| ВСС | 230 | 30,26 | 124 | 80,52 |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **154** | **100,00** |

Образовната структура на испитаниците граѓани покажува релативна избалансираност на образовните групи според степенот на образование. Односно, тие укажуваат на некои од специфичностите во образовната структура на населението во Република Македонија.

***Графикон број 6. Степен на образование***

***граѓани***




***институции***




Што се однесува, пак, до образовната структура на примерокот испитаници од институциите, може да се уочи дека доминира образовната структура со високо образование, што е и карактеристика на вработените во државните институции поврзани со задачите поврзани со безбедносните функции. Определени образовни профили повидливо се присутни во Комората на Република Македонија за приватно обезбедување.

Од податоците и графичкиот приказ може да се констатира дека во структурата на примерокот е обезбедена соодветна вклученост на образовните профили карактеристични за македонското општество и дека по оваа основа се создадени претпоставки за воопштувања и изведувања заклучоци. Ваквата дистрибуција е релевантна, односно репрезентативна, односно соодветствува со образовната структура на населението во Република Македонија.

***Табела број 12. Испитаници според работниот статус***

| | ***граѓани*** | | ***институции*** | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Вработен/а во државен сектор | 145 | 19,08 | 130 | 83,87 |
| Вработен/а во приватен сектор | 225 | 29,61 | 23 | 14,84 |
| Сопственик/чка на фирма | 35 | 4,61 | 1 | 0,65 |
| Невработен/на | 144 | 18,95 | - | - |
| Студент/ка | 98 | 12,89 | - | - |
| Пензионер/ка | 59 | 7,76 | 1 | 0,65 |
| Домаќин/ка | 49 | 6,45 | - | - |
| Нешто друго, што? | 5 | 0,66 | - | - |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **155** | **100,00** |

Според работниот статус, меѓу анкетираните кои се изјасниле дека работат во приватен сектор се 29,61 %, потоа следуваат вработените во државен сектор и невработените со по 18,95 %, студентите со 12,89 %, пензионерите со 7,76 %, домаќинките со 6,45 %, сопствениците на фирми со 4,61 % и останатите со 0,66 %.

Карактеристиките на испитаниците од институциите треба да констатираат дека доминантниот број од нив се вработени во државниот сектор, што е и во согласност со положбата на институциите во кои работат, освен за испитаниците од Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, која, како што самиот наслов упатува, не припаѓа на групата државна управа. Токму затоа и структурата на вработените ги има таквите карактеристики.

***Графикон број 7. Испитаници според занимањето***

***граѓани***




***институции***




Податоците од дистрибуцијата на испитаниците според работниот статус укажуваат дека во истражувањето се обезбедени претпоставки за актуализирање определени аспекти на перцепциите од граѓаните набљудувани од аспект на социјалната структурираност на испитаниците.

Досегашното излагање укажува дека во структурата на истражувањето се постигнати, односно се задоволени претпоставките на соодветен опфат на испитаниците според половата, возрасната, територијалната, образовната, националната и верската припадност. Исто така, треба да се напомене дека во примерокот е обезбедена репрезентативност и според работната ангажираност на испитуваната популација. Што се однесува до репрезентативноста и потребата од соодветно објаснување на начинот на конструирање на примерокот, од аспект на бројот на испитаниците и двата примерока (од испитаниците граѓани и од вработените во институциите) се групираат во групата на големи примероци.

Карактеристиките на примероците упатуваат на тоа дека се создадени доволно претпоставки за изведување констатации и заклучоци за анализата на безбедноста и безбедносните ризици, како и за примената на аналитички постапки, врз основа на кои се конструира индексот на безбедност, како синтетички показател за состојбите во земјата.

## ОЦЕНКИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ ЗА ЧУВСТВОТО НА БЕЗБЕДНОСТ

Чувството на безбедност е поврзано со степенот на загрозеност. Во литературата се поврзува со поимот „небезбедност“ (што како формулација беше применето и во инструментот за предметното истражување). Тоа е својствено за концептот на човековата безбедност и се врзува за погледите и практиките според кои човекот се набљудува и проучува како „цел“ на развојот. Според тоа, предмет на интерес не се само „средствата“ за раст на економската продуктивност, туку се и луѓето. Во групата на загрозеност на поединецот особено се нагласени економската загрозеност изразена преку опасностите од невработеност, несигурноста на работното место, лошите работни услови, нееднаквоста во приходите, инфлацијата, неразвиеноста и нестабилноста на социјалното и пензиското осигурување и бедомништвото.

Составен дел на овој концепт се и загрозеноста која е последица на производството на храна, посебно генетски модифицирана, како и на прашањата поврзани со фактичкиот и економски пристап до храната. Здравствените ризици во современиот свет се бројни, особено во услови на глобализација заканите од инфективни и паразитски болести, ХИВ и други вируси, опасностите од пандемии, од загадениот воздух, вода и почва, како и неадекватниот пристап кон здравствената заштита. Кон тоа се приклучуваат и опасностите од деградација на животната средина, посебно на локалните и глобалните екосистеми, нерационалното користење на шумите, неконтролираното фрлање отпад, загадувањето на воздухот, водата и земјата, посебно недостигот на чиста вода за пиење, поплавите и другите природни катастрофи.

Човековата безбедност е во тесна врска и со личната, односно индивидуалната безбедност, пред сѐ, со опасностите од физичко насилство од страна на државата и криминалните

организации, во рамките на семејството, на работното место, но и со опасностите кои се резултанта на индустриските и сообраќајните несреќи. Таа е во тесна врска и со другите видови закани, како што се заканите за безбедноста на заедницата, која може да е последица на етничката напнатост и насилни судири, на политичките ризици кои се последица на државната репресија, недемократското владеење и загрозеноста на основните слободи и права (Vinzlou, кај Dulić, 2006, стр. 16).

Во истражувањето двете групи испитаници на прашањето „оценете го нивото на чувството на безбедност во средината во која живеете и работите?“ – мнозинство од 52,76 % кај граѓаните, односно 64,67 % кај испитаниците вработени во институциите се изјасниле дека се чувствуваат безбедно. Ако на овие одговори се приклучат и одговорите „особено безбеден/а“, тогаш тој процент е 59,87 кај испитаниците граѓани и 69,34 кај испитаниците вработени во институциите. Нивото на загрозеност оценето преку одговорите „крајно и небезбеден/а“ кај испитаниците граѓани изнесува нешто повеќе од една петтина, односно 21,05 %, а кај испитаниците вработени во институциите е скоро една шестина, односно 16,00 %. Приближно толкави пропорции се и одговорите „не можам да оценам“.

***Табела број 13. Оценете го нивото на чувството на безбедност во средината во која живеете и работите***

| | граѓани | | институции | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % |
| 1) крајно небезбеден/а | 46 | 6,05 | 5 | 3,33 |
| 2) небезбеден/на | 114 | 15,00 | 19 | 12,67 |
| 3) не можам да оценам | 145 | 19,08 | 22 | 14,67 |
| 4) безбеден/а | **401** | **52,76** | **97** | **64,67** |
| 5) особено безбеден/а | 54 | 7,11 | 7 | 4,67 |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **150** | **100,00** |

Графичкиот приказ ја потврдува максимата според која една слика заменува илјадници зборови.

***Графикон број 8. Оценете го нивото на чувството на безбедност во средината во која живеете и работите? – испитаници граѓани и од институциите***




Определени тенденции можат да се согледаат и од истражувачките резултати од други спроведени истражувања на подрачјето на Република Македонија во изминатите 11 години. Така, во студијата „Полиција и јавност“ се прикажани резултатите од прашањето „Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите“ и се анализирани резултатите за изминатата деценија (Мојаноски, Дујовски, & Ѓуровски, 2018, стр. 299).

***Табела број 14. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите, во периодот 2008-2018 година?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2018** |
| 1. | 24,91 | 32,09 | 16,28 | 16,75 | 19,31 | 16,87 | 23,74 | 21,46 | 18,77 | 15,02 | 22,03 | 21,05 |
| 2. | 59,14 | 52,32 | 67,97 | 67,48 | 64,30 | 66,61 | 76,26 | 62,01 | 65,52 | 65,41 | 77,97 | 59,87 |
| 3. | 15,95 | 15,59 | 15,75 | 15,77 | 16,40 | 16,52 | 0,00 | 16,54 | 15,71 | 19,57 | 0,00 | 19,08 |
| **Σ.** | **1160** | **1315** | **1308** | **1439** | **1238** | **1132** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** | **1003** | **760** |

**Легенда:** 1. не се чувствувам безбеден/а; 2. се чувствувам безбеден/а; 3. не можам да оценам; Σ = вкупно испитаници што одговориле

И графичкиот приказ укажува дека нивото на безбедност е нешто пониско оценувано во 2008 и 2009 година, па во 2014, 2015 и 2016 година, за во почетокот на 2018 да има највисок резултат, за на крајот  од 2018 да опадне на нивото од 2008 година.

***Графикон број 9. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите во периодот 2008-2018 година***




На прашањето „доколку се чувствувате безбедно, што и колку придонесува така да се чувствувате“ и кај двете групи испитаници доминира одговорот „затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот“, со 46,05 % кај испитаниците граѓани и со нешто повисок процент од 69,42 % кај испитаниците вработени во институциите. Втор по интензитет одговор и кај двете групи испитаници е „затоа што сум способен/на да се заштитам себеси“, кој кај испитаниците граѓани учествува со 31,45 %, а кај испитаниците од инстиуциите со 29,82 %.

***Графикон број 10. Доколку се чувствувате <u>безбедно</u>, што и колку придонесува така да се чувствувате? - граѓани***




Од графичкиот приказ може да се уочи дека со оценката 4 и 5, односно многу и најмногу се оценети одговорите „затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот“ со 75,39 % од испитаниците, потоа „затоа што сум способен/на да се заштитам себеси“ со 65,39 % и одговорот „живеам во добро опкружување“ со 59,35 %. Ако се погледнат оценките кои најмалку придонесуваат (еден и два), тогаш ќе се уочи дека ставот „затоа што имаме одличен соживотот во државата“ е оценет со еден и два кај 30,79 % од испитаниците граѓани, потоа „затоа што имаме одличен соживотот во државата“ со 29,61 % и ставот „имам работа и сум економски стабилен/на“ со 28,94 %. Поинаку погледнато значи станува збор за степен на загрозеност, односно небезбедност, што треба да се вреднува при оценката на одговорите од испитаниците.

Ако се погледнат одговорите и на испитаниците вработени во институциите, односно стручната јавност, тогаш може да се констатира дека кај нив е повисок степенот на чувството за безбедност и има вредност од 92,56 %. Имено, испитаниците како многу добро и одлично го оценуваат ставот „затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот“, со 76,31 % „затоа што сум способен/а да се заштитам себеси“, со 73,55 % „затоа што живеам во добро опкружување“.

***Графикон број 11. Доколку се чувствувате <u>безбедно</u>, што и колку придонесува така да се чувствувате? - граѓани***




Од графичкиот приказ може да се уочи дека со најниски оценки, еден и два, се оценети ставовите „затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот" со 27,93 %, „државните органи добро ја работат својата работа" со 27,64 %, односно може да се констатира дека тие најмалку придонесуваат испитаникот да се чувствува безбедно.

***Графикон број 12. Доколку се чувствувате <u>безбедно</u>, што и колку придонесува така да се чувствувате? - граѓани***



Во претходниот графикон се прикажани оценките за тоа кој од државните органи и колку придонесува испитаникот да се чувствува безбеден. Ако се погледнат вредностите 4 и 5, односно многу и најмногу, тогаш ќе се констатира дека со 53,81 % се вреднува придонесот на АРМ, со 52,10 % придонесот на МВР, со 40,40 % придонесот на приватните компании за обезбедување, па доаѓаат Дирекцијата за заштита и спасување со 36,71 %, Центарот за управување со кризи со 31,84 % и Агенцијата за разузнавање со 31,44 %.

Од тие што најмалку придонесуваат е Агенцијата за разузнавање со 37,10 %, потоа Центарот за управување со кризи со 35,00 %, приватните компании за обезбедување со 34,61 %, Дирекцијата за заштита и спасување со 33,03 %, АРМ со 21,84 % и МВР со 21,32 %.

Слични се оценките и на испитаниците вработени во институциите.

***Графикон број 13. Доколку се чувствувате безбедно, што и колку придонесува така да се чувствувате? - институции***




Од графичкиот приказ може да се уочи дека испитаниците од институциите со оценка 4 и 5 (многу и најмногу) оценуваат дека е АРМ со 52,04 %, МВР со 45,67 %, Агенцијата за разузнавање со 30,97 %, Дирекцијата за заштита и спасување со 30,63 %, приватните компании за обезбедување со 25,92 % и Центарот за управување со кризи со 23,01 %.

Што се однесува, пак, до негативното оценување со оценка 1 и 2 (најмалку и малку) редоследот изгледа вака: приватните компании за обезбедување со 50,00 %, Дирекција за заштита и спасување со 44,15 %, Центарот за управување со кризи со 48,67 %, Агенцијата за разузнавање со 41,59 %, МВР со 20,47 % и АРМ со 17,88 %.

Може да се констатира дека испитаниците од општата и испитаниците од стручната јавност оценуваат дека од институциите најзначаен е придонесот за чувството на безбедност на Армијата и на Министерството за внатрешни работи.

Во овој контекст е и батеријата прашања за тоа каде и во која мерка испитаникот се чувствува безбеден, посебно кога е во прашање физичката безбедност на испитаникот, во неговата куќа, односно стан, местото на живеење, во државата во која живее и во регионалното опкружување на Република Македонија.

***Табела број 15. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно***

| | *граѓани* | | | *институции* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | небезбедно | не можам да оценам | **безбедно** | небезбедно | не можам да оценам | **безбедно** |
| 1) Вие, кога е во прашање Вашата физичка безбедност | 19,21 | 14,34 | **66,44** | 14,49 | 10,87 | **74,63** |
| 2) Во својата куќа/стан | 8,56 | 11,45 | **80,00** | 7,14 | 8,57 | **84,28** |
| 3) Во областа/местото во кое живеете | 14,61 | 15,13 | **70,26** | 10,72 | 11,43 | **77,85** |
| 4) Во државата во која живеете | 27,77 | 28,68 | **43,55** | 17,52 | 26,28 | **56,21** |
| 5) Во регионалното опкружување на Република Македонија | 28,03 | 28,68 | **43,29** | 23,48 | 36,36 | **40,15** |

Од понудената дистрибуција можеме да констатираме дека граѓаните во 80,00 % случаи најбезбедно се чувствуваат во својата куќа/стан, потоа 70,26 % одговориле во областа/местото во која живеат, во 66,44 % кога се во прашање испитаниците и нивната физичка безбедност, во 43,55 % во државата во која живеат и во 43,29 % во регионалното опкружување.

Слични оценки можат да се сретнат и кај испитаниците вработени во институциите, 84,28 % безбедно се чувствуваат во својата куќа/стан, 77,85 % во областа/местото во која живеат, 74,63 % се чувствуваат безбедно кога се во прашање лично и нивната физичка безбедност, 56,21 % во државата во која живеат и 40,15 % во регионалното опкружување на Република Македонија.

Можеби е добро да се погледнат какви се одговорите на испитаниците кои оценуваат дека се чувствуваат крајно небезбедно и небезбедно. Збирот на овие вредности укажува дека граѓаните најбезбедно, односно загрозено се чувствуваат: во регионалното опкружување на Република Македонија со 28,03 %, потоа во државата во која живеат со 27,77 %, кога се во прашање испитаникот и неговата физичка безбедностсо 19,21 %, потоа следуваат одговорите во областа/местото во која живеат со 14,61 % и со најниско ниво на загрозеност во својата куќа/стан одговориле 8,56 % од испитаниците.

***Графикон број 14. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно***



Во однос на степенот за загрозеност (небезбедност) на испитаниците вработени во институциите добиени се следните фреквенции. И испитаниците во институциите најзагрозено се чувствуваат во регионалното опкружување на Република Македонија (23,48 %), во државата во која живеат (17,52 %), кога е во прашање нивната физичка безбедност (14,49 %), во областа/местото во која  живеат (10,72 %) и во нивната куќа/стан (7,14 %).

Од дистрибуциите може да се оцени дека испитаниците од двете групи имаат ист редослед на негативни одговори во однос на степенот на загрозеност (небезбедност) во одделни ситуации и дека тие најчесто се врзани за чувството на загрозеност како последица на регионалното опкружување и државата во која живеат.

## ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА ЧУВСТВО НА ЗАГРОЗЕНОСТ

Предмет оценка од испитаниците беше и придонесот на одделни состојби во земјата за тоа дали и колку влијаат врз општата претстава за загрозеност, односно небезбедност во општеството. Податоците прикажани одделно за секоја истражувана група се прикажани во наредните две табели.

На прашањето за тоа кои состојби влијаат на чувството на загрозеност, испитаниците граѓани оценуваат дека тоа се состојбите со „нестабилноста на политичкиот систем“ (со 42,76 %), потоа следуваат: „лошата економска состојба и сиромаштијата“ со 37,50 %, „нарушените меѓупартиски односи“ со 35,13 %, „порастот на уличниот криминал и насилство“ со 34,74 %, „зависноста на судството“ со 33,68 %, „лошата работа на државните органи“ со 32,50 %, „проблемите со наркоманијата“ со 28,16 %, „меѓуетничките односи“ со 27,50 % и на крајот „однесувањето на екстремистичките групи“ со 24,74 %.

***Табела број 16. Според Ваше мислење, кој од следните облици и колку влијае врз чувството на загрозеност, што е главната причина поради која така се чувствувате? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - граѓани***

| | најмалку | | | | најмногу | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **Вкупно** |
| 1) пораст на уличниот криминал и насилство | 5,26 | 9,61 | 22,76 | 27,63 | 34,74 | **760** |
| 2) однесување на екстремистички групи | 9,21 | 12,89 | 28,03 | 25,13 | 24,74 | **760** |
| 3) лоша економска состојба и сиромаштијата | 4,08 | 6,97 | 22,63 | 28,82 | 37,50 | **760** |
| 4) проблеми со наркоманија | 5,53 | 10,53 | 25,00 | 30,79 | 28,16 | **760** |
| 5) лоша работа на државните органи | 5,13 | 7,50 | 28,16 | 26,71 | 32,50 | **760** |
| 6) меѓуетничките односи | 5,53 | 11,45 | 27,89 | 27,63 | 27,50 | **760** |
| 7) нарушени меѓупартиски односи | 4,87 | 8,16 | 22,76 | 29,08 | 35,13 | **760** |
| 8) нестабилноста на политичкиот систем | 3,55 | 8,03 | 20,92 | 24,74 | 42,76 | **760** |
| 9) зависноста на судството | 6,32 | 9,21 | 28,55 | 22,24 | 33,68 | **760** |

Нешто поинаков редослед имаат оценките кај испитаниците вработени во институциите, односно кај стручната јавност. Според нив,  за чувството на загрозеност (небезбедност) придонесуваат состојбите поврзани со „зависноста на судството“ со 49,14 %, потоа следуваат состојбите со „нестабилноста на политичкиот систем“ со 46,22 %, „нарушените меѓупартиски односи“ со 41,18 %, „лошата економска состојба и сиромаштијата“ со 40,46 %, „порастот на уличниот криминал и насилството“ со 39,85 %, „лошата работа на државните органи“ со 28,33 %, „проблемите со наркоманијата“ со 25,81 %, „меѓуетничките односи“ со 21,55 % и на крајот „однесувањето на екстремистички групи“ со 18,85 %.

***Табела број 17. Според Ваше мислење, кој од следните облици и колку влијае врз чувството на загрозеност, што е главната причина поради која така се чувствувате? (оцeнете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - институции***

| | најмалку 1 | 2 | 3 | 4 | најмногу 5 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) пораст на уличниот криминал и насилство | 5,26 | 6,02 | 18,80 | 30,08 | 39,85 | **133** |
| 2) однесување на екстремистички групи | 8,20 | 18,03 | 28,69 | 26,23 | 18,85 | **122** |
| 3) лоша економска состојба и сиромаштијата | 3,05 | 7,63 | 22,14 | 26,72 | 40,46 | **131** |
| 4) проблеми со наркоманија | 6,45 | 10,48 | 27,42 | 29,84 | 25,81 | **124** |
| 5) лоша работа на државните органи | 1,67 | 3,33 | 35,00 | 31,67 | 28,33 | **120** |
| 6) меѓуетничките односи | 5,17 | 12,93 | 32,76 | 27,59 | 21,55 | **116** |
| 7) нарушени меѓупартиски односи | 5,88 | 9,24 | 18,49 | 25,21 | 41,18 | **119** |
| 8) нестабилноста на политичкиот систем | 5,04 | 3,36 | 21,01 | 24,37 | 46,22 | **119** |
| 9) зависноста на судството | 4,31 | 6,90 | 16,38 | 23,28 | 49,14 | **116** |

Досегашното излагање упатува дека меѓу испитаниците граѓани и испитаниците вработени во институциите постои релативно висока согласност изразена во позитивни оценки за чувството на безбедност. Податоците упатуваат на тоа дека граѓаните се чувствуваат безбедни. Во однос на тоа кој орган најмногу придонесува за чувството на безбедност, неподелени се оценките кај двете групи дека тоа е Армијата и Министерството за внатрешни работи.

Во тесна врска со претходно анализираните прашања се и одговорите за степенот на загрозеност и придонесот на оддел-

ни состојби за таквото чувство. Оценките на испитаниците од двете групи се разликуваат според редоследот, но несомнено е дека состојбите во судството, нестабилноста на политичкиот систем и нарушените меѓупартиските односи се комплекс на прашања, кои заедно со лошата економска состојба, создаваат или придонесуваат за чувството на загрозеност кај граѓаните.

## ОЦЕНКИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАЈДОБРАТА ЗАШТИТА

Предмет на интерес во истражувањето беше батерија на прашања поврзани со оценките за тоа која структура може најдобро да го заштити поединецот и неговото семејство. На таа група прашања испитаниците оценуваа на скала од 1 до 5, од најмалку до најмногу. Податоците се прикажани во следните два табеларни приказа.

***Табела број 18. Според Вас, кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - граѓаните***

| | најмалку | | | најмногу | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Вкупно |
| 1) самиот јас | 5,00 | 8,82 | 14,21 | 22,50 | 49,47 | **760** |
| 2) пријателите | 12,24 | 18,16 | 29,87 | 27,76 | 11,97 | **760** |
| 3) соседите | 15,66 | 21,58 | 30,53 | 22,37 | 9,87 | **760** |
| 4) полицијата | 9,08 | 11,18 | 28,82 | 27,89 | 23,03 | **760** |
| 5) армијата | 10,79 | 15,00 | 23,03 | 27,37 | 23,82 | **760** |
| 6) приватното обезбедување | 17,24 | 16,05 | 25,92 | 20,53 | 20,26 | **760** |
| 7) НАТО | 30,39 | 18,68 | 23,68 | 18,29 | 8,95 | **760** |

Доминантен број од испитаниците со фреквенција од 49,47 % смета дека таа грижа му припаѓа на поединецот изразена преку ставот „самиот јас“. Потоа, со значителна пониска зачестеност, помала од една четвртина од испитаниците, таа

улога на заштитник на поединецот и семејството ѝ ја одаваат на „армијата“ со 23,82 %, на „полицијата“ со 23,03 %, на „приватното обезбедување“ со 20,26 %, на „пријателите“ со 11,97 %, на „соседите“ со 9,87 % и на „НАТО“ со 8,95 %.

И кај испитаниците вработени во институциите може да се сретнат слични оценки. Редоследот на оценувањето го има следниот облик: „самиот јас“ со 60,32 %, „НАТО“ 20,18 %, „полицијата“ 20,15 %, „пријателите“ 13,39 %, „армијата“ со 13,33 %, „соседите“ со 9,01 % и „приватното обезбедување“ со 8,77 %.

Од понудените дистрибуции може да се уочи дека и двете групи немаат особена доверба во институционалната рамка, односно сметаат дека заштитата во основа е поединечна и им припаѓа на поединците, а потоа на институциите. Од она што е особено позитивно оценето може да се уочи дека граѓаните заштитата ја перципираат кај институциите на политичкиот систем, како што се Армијата, полицијата и приватното обезбедување. Додека испитаниците вработени во институциите таа доверба ја даваат на НАТО, полицијата и пријателите, а дури потоа на Армијата, што не кореспондира со одговорите на претходното прашање кој најмногу придонесува да се чувствувате безбедно.

***Табела број 19. Според Вас, кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку, 5 најмногу) - институции***

| | најмалку | | | | најмногу | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Вкупно |
| 1) самиот јас | 2,38 | 5,56 | 7,94 | 23,81 | 60,32 | **126** |
| 2) пријателите | 8,04 | 15,18 | 27,68 | 35,71 | 13,39 | **112** |
| 3) соседите | 13,51 | 19,82 | 36,04 | 21,62 | 9,01 | **111** |
| 4) полицијата | 10,45 | 13,43 | 24,63 | 31,34 | 20,15 | **134** |
| 5) армијата | 13,33 | 15,00 | 25,00 | 33,33 | 13,33 | **120** |
| 6) приватното обезбедување | 26,32 | 16,67 | 27,19 | 21,05 | 8,77 | **114** |
| 7) НАТО | 27,19 | 15,79 | 20,18 | 16,67 | 20,18 | **114** |

Ако одговорите од оваа батерија прашања ги дихотомизираме на најмалку и најмногу, на тој начин што ќе се соберат првите две оценки и третата ќе се подели со два, како одговор најмалку и половината од оценката три и додаден збирот од оценките четири и пет, тогаш дистибуцијата на одговорите „најмалку“ ќе го има следниот облик: „приватното обезбедување“ со 56,59 %, „НАТО“ со 53,07 %, „соседите“ со 51,35 %, „армијата“ со 40,83 %, „пријателите“ со 37,06 %, „полицијата“ со 36,20 % и „самиот јас“ со 11,91 %. Оценките „најмногу“ ја имаат следната зачестеност: „самиот јас“ со 88,10 %, „полицијата“ со 63,81 %, „пријателите“ со 62,94 %, „армијата“ со 59,16 %, „соседите“ со 48,65 %, „НАТО“ со 46,94 % и „приватното обезбедување“ со 43,42 %.

## ОЦЕНКИТЕ ЗА НИВОТО НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од испитаниците беше побарано да оценат во која мерка е загрозена безбедноста на Република Македонија. Во табелата што следува се дадени одговорите на ова прашање.

***Табела број 20. Во која мерка, според Ваше мислење, е загрозена безбедноста во Македонија?***

| | *граѓани* | | *институции* | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* |
| 1) Воопшто не е загрозена | 28 | 3,68 | 5 | 3,40 |
| 2) Главно не е загрозена | 170 | 22,37 | 57 | 38,78 |
| 3) Не знам, немам став | 211 | 27,76 | 33 | 22,45 |
| 4) Главно е загрозена | 229 | 30,13 | 36 | 24,49 |
| 5) Многу е загрозена | 122 | 16,05 | 16 | 10,88 |
| **Вкупно** | **760** | **100,00** | **147** | **100,00** |

Може да се оцени дека 46,18 % од испитаниците граѓани оценуваат дека состојбата во Македонија е „главно“ или „мно-

гу загрозена“, а 26,05 % оценуваат дека „воопшто“ или „главно не е загрозена“. Таа пропорција кај испитаниците вработени во институциите изгледа поразлично. Имено, 35,37 % Република Македонија ја набљудуваат како „главно“ и „многу загрозена“, а 42,18 % како „воопшто“ и „главно незагрозена“, односно безбедна.

## ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ДОВЕРБАТА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Перцепциите на граѓаните за довербата во институциите ја оценувавме преку две батерии прашања. Првата поврзана со прашањето „доколку имате проблем за решавање, кому најпрво ќе му се обратите“ и втората преку понудата со оценки од лошо до одлично да ја оценат работата на определени институции. Според тоа, „кому би му се обратиле во случај на неопходна помош“, 29,34 % од испитаниците граѓани тоа би го сториле во полициската станица, 17,35 % не би се обратиле никому, тие би се обиделе да го решат сами, 14,61 % на соседот, 11,1 % во општината, а 10,79 % во партијата. Нешто пониски се резултатите со градоначалникот, како институција на која ѝ се верува за помош со 9,34 %, па следуваат на свештеното лице со 9,08 % и многу малку со 2,89 % на Владата и со 2,76 % на Собранието, што укажува за степенот на доверба на овие испитаници кон институциите.

И испитаниците вработени во институциите имаат слични фреквенции. И испитаниците од оваа група доколку имаат проблем за решавање 25,56 % секогаш би пријавиле во полициската станица, 20,45 % никому не би пријавиле проблем, 13,11 % на соседот и под 10 % се останатите дистрибуции, како што се градоначалникот, општината, Владата, свештеното лице, партијата и на крајот е Собранието со 4,07 %.

Од понудената дистрибуција може да се заклучи дека во основа кај испитаниците постои определена резерва во однос на тоа кому можат да му се обратат за помош при решавање на проблем. Неспорно е дека помалку од една третина од испитаниците граѓани и една четвртина од испитаниците вработени во институциите тоа би го сториле во полициската станица. Потоа следуваат одговорите никому и соседот. Овие податоци се индикатор за степенот на верувањето во институциите и нивната способност да дадат заштита на граѓанинот.

Во таа смисла се и оценките за работата на институциите од областа на безбедноста. Така, 50,10 % од граѓаните Армијата на Република Македонија ја оценуваат со оценките многу добро и одлично, потоа следува полицијата со 43,30 %, Претседателот на Република Македонија со 40,80 %, приватните компании за обезбедување со 37,50 %, Дирекцијата за заштита и спасување со 30,60 %, разузнавачките и контраразузнавачките служби со 30,17 %, Советот за национална безбедност со 28,59 %, Центарот за управување со кризи 27,49 %, Владата со 22,94 %, Судството со 21,80 % и Собранието со 20,13 %.

***Графикон број 15. Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста?- граѓани***




Во графичкиот приказ се прикажани оценките на испитаниците вработени во институциите.

***Графикон број 16. Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста? - институции***




Со оценката многу добро и одлично 42,06 % ја оценуваат Армијата на Република Македонија, полицијата со 36,06 %, Владата со 30,82 %, Дирекцијата за заштита и спасување со 28,44 %, приватните компании за обезбедување 28,43 %, Центарот за управување со кризи 23,93 %, разузнавачките и контраразузнавачките служби со 23,66 %, Претседателот на Република Македонија со 23,46 %, Собранието со 20,88 %, Советот за национална безбедност со 18,90 % и судството со 9,93 % испитаници.

## ОЦЕНКИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ ЗА ГЛАВНИТЕ ЗАКАНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА

Сериозен проблем на модерната заедница се процесите на дезинтеграција и процесите на асимилација. На замолницата граѓаните да оценат (од еден до пет, со еден најмалку, со 5 најмногу), што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која ѝ припаѓаат, со оценките четири и пет 60,52 % сметаат дека губењето на идентитетот е најважниот проблем (претопување во друга нација и губење на идентитетот), потоа следува иселувањето и внатрешната миграција за 60,39 % од испитаниците, јакнењето на национализмот и меѓунационалната напнатост за 52,50 %, отцепувањето

на Западна Македонија за 47,24 %, намалувањето на прирастот („белата чума“) за 40,40 % и глобализацијата и модернизацијата за 39,35 %.

***Графикон број 17. Што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која и припаѓате? (оцентете од 1-5: 1 најмалку 5 најмногу) - граѓани***




И кај испитаниците вработени во институциите со оценките четири и пет нависоко се оценува, односно се смета за најсериозна закана претопувањето во друга нација и губењето на идентитетот. Имено, 93,62 % од испитаниците кои одговориле на ова прашање за најсериозна закана го сметаат губењето на идентитетот. Втори по ранг се оценките дека отцепување на Западна Македонија е најсериозна закана. Таков став имаат 84,78 % од испитаниците, потоа следуваат одговорите дека глобализацијата и модернизацијата се закана за 78,15 % испитаниците, јакнењето на национализмот и меѓунационалната напнатост за 75,36 %, иселувањето и внатрешна миграција за 73,42 % и намалувањето на прирастот („белата чума“) 51,47 % од испитаниците вработени во институциите.

***Графикон број 18. Што претставува главна закана за безбедност на заедницата (националноста) на која и припаѓате? (оценете од 1 до 5: 1 најмалку 5 најмногу) - институции***




Овие две дистрибуции укажуваат на определени разлики кои со натамошна анализа и вкрстување на податоците ќе треба да се одгонетнат, редоследот за заканите кои се наметнуваат по безбедноста на заедницата. Овде веројатно главната загриженост доаѓа како резултанта на медиумскиот притисок и начинот на водењето на активностите околу обидите за затворање на отворените прашања со соседите. Во овој период се потпишани два билатерални договори кои на еден или на друг начин имплицираат дека ќе се преоценуваат определени претстави и знаења поврзани со културното и историското наследство, за што се формирани и работни тела чија задача е да оценуваат определени сознанија и искуства. Дебатите, по последната година во општеството, особено се насочени кон прашањата поврзани со идентитетот и историското и културното наследство и специфичности поврзани со националниот идентитет, како и дебата за тоа што се добива и се губи особено со Преспанската спогодба за разрешување на разликите околу името со соседна Република Грција.

## ОЦЕНКИ ЗА НИВОТО НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ЗЕМЈАТА ОДВНАТРЕ

Во таа насока е поставена и батерија на прашања во која скала од Ликертов тип се оценува нивото на согласност со определен број  ставови за степенот на загрозеност.

***Табела број 21. Во која мерка се согласувате со следните тврдења? – граѓани***

| Според мене: | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не можам да оценам | Се согласувам | Потполно се согласувам | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) Безбедноста на етничките заедници во Република Македонија е загрозена | 16,97 | 22,50 | 27,89 | 22,11 | 10,53 | **760** |
| 2) Безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена | 6,05 | 16,05 | 23,16 | 31,05 | 23,68 | **760** |
| 3) Мнозинската заедница (Македонците) ја загрозува безбедноста на другите етнички заедници | 28,42 | 25,53 | 26,18 | 14,61 | 5,26 | **760** |
| 4) Етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на мнозинската заедница (на Македонците) | 6,58 | 16,05 | 25,79 | 31,71 | 19,87 | **760** |
| 5) Безбедноста на Македонците вон Македонија е загрозена | 16,58 | 18,16 | 34,61 | 18,16 | 12,50 | **760** |

Несомнено е дека во оценките на оваа група ставови доминираат одговорите „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, односно тие можат да се сметаат како одговори кои имаат обратна насока од ставот дека тие не се фактор на загрозување, туку на јакнење на безбедноста. Како се дистрибуирани одговорите – негативните одговори. Со ставот „мно-

зинската заедница (Македонците) ја загрозува безбедноста на другите етнички заедници не се согласуваат 53,95 %, со ставот „безбедноста на етничките заедници во Република Македонија е загрозена“ не се согласуваат 39,47 %, „безбедноста на Македонците вон Македонија е загрозена“ не се согласуваат 34,74 %, „етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на мнозинската заедница (на Македонците)“ не се согласуваат 22,63 % и со ставот „безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена“ не се согласуваат 22,10 % од испитаниците граѓани.

Во продолжение следува каков е резултатот од позитивните одговори на оваа група ставови. Ако се обединат одговорите „се согласувам“ и „потполно се согласувам“ како позитивни ставови, распоредот на зачестеноста на одговорите на испитаниците граѓани го добива следниот облик. Со ставот „безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена“ 54,73 % од испитаниците потполно и се согласуваат. И во врска со ставовите „етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на мнозинската заедница (на Македонците)“ 51,58 % од испитаниците граѓани одговориле со оценката „се согласувам“ и „потполно се согласувам“. Во таа смисла се и нивоата на согласност за ставовите „безбедноста на етничките заедници во Република Македонија е загрозена“ е присутна кај 32,64 % од испитаниците. За оценката, „безбедноста на Македонците вон Македонија е загрозена“ позитивен став имаат 30,66 % од испитаниците граѓани. Најнизок степен на согласност постои во врска со ставот „мнозинската заедница (Македонците) ја загрозува безбедноста на другите етнички заедници“, на што позитивен одговор (потполно и целосно се согласувам) дале 19,87 % испитаници.

***Табела број 22. Во која мерка се согласувате со следните тврдења? – институции***

| Според мене: | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не можам да оценам | Се согласувам | Потполно се согласувам | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) Безбедноста на етничките заедници во Република Македонија е загрозена | 34,97 | 26,57 | 17,48 | 14,69 | 6,29 | **143** |
| 2) Безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена | 14,08 | 26,06 | 22,54 | 19,72 | 17,61 | **142** |
| 3) Мнозинската заедница (Македонците) ја загрозува безбедноста на другите етнички заедници | 55,47 | 21,90 | 12,41 | 6,57 | 3,65 | **137** |
| 4) Етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на мнозинската заедница (на Македонците) | 19,42 | 21,58 | 23,74 | 17,99 | 17,27 | **139** |
| 5) Безбедноста на Македонците вон Македонија е загрозена | 32,37 | 28,06 | 25,18 | 8,63 | 5,76 | **139** |

Каква е структурата на негативните одговори („воопшто не се согласувам“ и „се согласувам“), кај испитаниците вработени во институциите ќе биде прикажана во продолжение на анализата. Имено, 53,95 % од испитаниците не се согласуваат со тврдењето дека „мнозинската заедница (Македонците) ја загрозува безбедноста на другите етнички заедници“. Потоа нивоата на несогласување следуваат за следните ставови: „безбедноста на етничките заедници во Република Македонија е загрозена“ со 39,47 %, „безбедноста на Македонците вон Македонија е загрозена“ со 34,74 %, „етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на мнозинската заедница (на Македонците)“ со 22,63 % и „безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена“ со 22,10 %.

Во продолжение следува приказот на ставовите („се согласувам“ и „целосно се согласувам“) на испитаниците вработени

во институциите. Највисоки позитивни одговори со ниво на поддршка од 37,33 % добил ставот „безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена“. Потоа следуваат ставовите „етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на мнозинската заедница (на Македонците)“ со 35,26 %, „безбедноста на етничките заедници во Република Македонија е загрозена“ со 20,98 %, „безбедноста на Македонците вон Македонија е загрозена“ со 14,39 % и „мнозинската заедница (Македонците) ја загрозува безбедноста на другите етнички заедници“ со 10,22 % од испитаниците вработени во институциите.

Во контекст на загрозувањето на безбедноста на Македонија одвнатре беше поставена и следната батерија прашања:

***Табела број 23. Оценете дали некоја од следните ситуации може да ја загрози безбедноста одвнатре на Македонија – граѓани***

| според мене | воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не можам да оценам | Се согласувам | Потполно се согласувам | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) Отцепување на Западна Македонија | 4,61 | 12,63 | 28,29 | 24,74 | 29,74 | **760** |
| 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини | 2,50 | 7,24 | 21,97 | 40,13 | 28,16 | **760** |
| 3) Социјалните потреси и штрајкови | 4,21 | 12,63 | 28,68 | 37,76 | 16,71 | **760** |
| 4) Финансиска презадолженост на Македонија | 3,82 | 6,45 | 25,92 | 38,95 | 24,87 | **760** |
| 5) Насилно симнување на демократската власт | 3,68 | 7,50 | 28,42 | 34,61 | 25,79 | **760** |
| 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата | 4,08 | 9,74 | 25,53 | 36,45 | 24,21 | **760** |
| 7) Приватизација на безбедноста | 5,53 | 10,53 | 34,61 | 31,97 | 17,37 | **760** |
| 8) Невработеноста | 2,76 | 6,71 | 21,45 | 33,16 | 35,92 | **760** |
| 9) Сиромаштијата | 2,37 | 6,05 | 19,08 | 31,58 | 40,92 | **760** |
| 10) Нивото на демократија | 3,42 | 7,37 | 28,42 | 33,29 | 27,50 | **760** |

Анализата е вршена со обединување на одговорите „се согласувам“ и „потполно се согласувам“, како јасно изразени позитивни ставови. Може да се констатира дека значително мнозинство испитаници повеќе од 2/3 смета дека најсериозен фактор кој може да ја загрози Македонија одвнатре е сиромаштијата. Овој став го делат 72,50 % од испитаниците граѓани. Според висината на позитивните оценки, доаѓаат ставовите „невработеноста“ со 69,08 %, „порастот на политичките напнатости во национално мешаните средини“ со 68,29 %, „финансиската презадолженост на Македонија“ со 63,82 %, „нивото на демократија“ со 60,79 %, „локалниот тероризам и вооружен бунт во земјата“ со 60,66 %, „насилното симнување на демократската власт“ со 60,40 %, „отцепувањето на Западна Македонија“ со 54,48 %, „социјалните потреси и штрајковите“ со 54,47 % и „приватизацијата на безбедноста“, со 49,34 % од испитаниците граѓани.

***Табела број 24. Оценете дали некоја од следните ситуации може да ја загрози безбедноста одвнатре на Македонија – институции***

| според мене | воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не можам да оценам | Се согласувам | Потполно се согласувам | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) Отцепување на Западна Македонија | 6,72 | 11,94 | 21,64 | 22,39 | 37,31 | **134** |
| 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини | 2,88 | 7,91 | 20,86 | 37,41 | 30,94 | **139** |
| 3) Социјалните потреси и штрајкови | 1,45 | 8,70 | 26,09 | 43,48 | 20,29 | **138** |
| 4) Финансиска презадолженост на Македонија | 1,47 | 7,35 | 19,85 | 33,82 | 37,50 | **136** |
| 5) Насилно симнување на демократската власт | 2,24 | 5,97 | 23,13 | 30,60 | 38,06 | **134** |
| 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата | 3,01 | 9,77 | 20,30 | 25,56 | 41,35 | **133** |
| 7) Приватизација на безбедноста | 5,22 | 16,42 | 28,36 | 26,87 | 23,13 | **134** |
| 8) Невработеноста | 1,46 | 6,57 | 21,17 | 32,85 | 37,96 | **137** |
| 9) Сиромаштијата | 2,84 | 5,67 | 15,60 | 33,33 | 42,55 | **141** |
| 10) Нивото на демократија | 4,65 | 5,43 | 14,73 | 35,66 | 39,53 | **129** |

Зачестеноста на позитивните одговори по оваа батерија ставови кај испитаниците вработени во институциите го има следниот редослед: ставот за „сиромаштијата“, како фактор кој може да ја загрози безбедноста на Македонија е поддржан од 75,88 % испитаници. Потоа следуваат ставовите: „нивото на демократија“ со 75,19 %, „финансиската презадолженост на Македонија“ со 71,32 %, „невработеноста“ со 70,81 %, „насилното симнување на демократската власт“ со 68,66 %, „порастот на политичките напнатости во национално мешаните средини“ со 68,35 %, „локалниот тероризам и вооружен бунт во земјата“ со 66,91 %, „социјалните потреси и штрајкови“ со 63,77 %, „отцепувањето на Западна Македонија“ со 59,70 % и „приватизацијата на безбедноста“ со 50,00 %.

Од целината на анализираните дистрибуции несомнено е дека доминира ставот дека сиромаштијата, невработеноста, порастот на политичките напнатости и другите опасности се сериозни причини кои може да се потенцијален извор за загрозување на безбедноста на земјата, што имплицира потреба од јакнење на економските перспективи и демократските капацитети на земјата.

## ОЦЕНКИ ЗА ЗАГРОЗЕНОСТА НА МАКЕДОНИЈА ОДНАДВОР

Како испитаниците ги перципираат опасностите што можат да ја загрозат Македонија однадвор. За таа цел беше понудена батерија на прашање од 14 ставови за кои беше побарано испитаникот да го определи нивото на согласност со скала конструирана според Ликертов тип, од крајно негативен до крајно позитивен резултат.

***Графикон број 19. Оценете што тоа однадвор ја загрозува безбедноста на Македонија - граѓани***




Натамошната анализа на податоците се задржува на приказ на позитивните ставови („се согласувам“ и „потполно се согласувам“). Така, оценето е дека најсериозен фактор кој ја загрозува Македонија однадвор е економската криза. Таков став делат 72,24 % од испитаниците граѓани. Потоа следуваат ставовите поврзани со бегалската криза – населувањето на имигранти со 70,66 %, меѓународниот тероризам со 67,90 %, тежнеењето за создавање на т.н. Голема Албанија со 66,71 %, тежнеењето за промена на границите на Балканот со 63,68 %, појавата на екстремистички групи на Балканот по верска основа со 62,90 %, организираниот криминал на Балканот со 56,98 %, појавата на екстремистички групи на Балканот по национална основа со 56,44 %, обновата на големо-државните концепти на соседите со 53,81 %, империјалната и хегемонистичка политика на САД со 51,58 %, климатските промени со 48,29 %, вооружена агресија врз Македонија со 47,63 %, порастот на влијание и енергетска зависност од Русија на Балканот со 33,95 %, мешањето на Русија во внатрешните работи на Република Македонија со 31,32 % и порастот на влијание на Турција на Балканот со 27,63 % од испитаниците.

***Графикон број 20. Оценете што тоа однадвор ја загрозува безбедноста на Македонија - институции***




И кај испитаниците вработени во институциите позитивните оценки имаат слична дистрибуција како и кај граѓаните. Така 72,14 % сметаат („се согласуваат“ и „потполно се согласуваат“) дека економската криза е фактор што може да ја загрози безбедноста на Македонија. Потоа следуваат позитивните ставови според кои Македонија може да биде загрозена однадвор и тоа: економска криза со 72,14 % од испитаниците, организираниот криминал на Балканот со 65,95 %, појавата на екстремистички групи на Балканот по верска основа 65,19 %, тежнеењето за промена на границите на Балканот со 64,71 %, меѓународниот тероризам со 63,71 %, тежнеењето за создавање на т.н. Голема Албанија со 59,42 %, појавата на екстремистички групи на Балканот по национална основа со 59,40 %, бегалската криза – населување на имигранти со 58,82 %, климатските промени со 55,55 %, обновата на големо-државните концепти на соседите со 54,41 %, мешањето на Русија во внатрешните работи на Република Македонија со 41,91 %, порастот на влијание и енергетска зависност од Русија на Балканот со 38,06 %, империјална и хегемонистичка политика на САД со 31,06 %, вооружена агресија врз Македонија со 29,00 % и порастот на влијанието на Турција на Балканот со 27,41 % од испитаниците вработени во институциите.

Несомнено е дека постојат нијанси во варирањето на опасностите од загрозување на Македонија однадвор, но несомнена е согласноста дека економската криза е факторот кој се перципира како најсериозна опасност за безбедноста на земјата, што укажува на потребата од развивање стратегии за економски раст и развој на земјата.

## ОЦЕНКИ ЗА НАЧИНИТЕ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

За тоа на кој начин може да се зачува безбедноста на Македонија на испитаниците им беше понудена батерија од 7 ставови за кои можеа да се изјаснат за степенот на согласност (од 2 „не можат воопшто“, „можат делумно“, „не знае“, „може доста“ и „може пресудно“).

***Графикон број 21. Во која мерка следните работи можат да придонесат за зачувување на безбедноста на Македонија? - граѓани***




Во натамошната анализа се врши интерпретација само на последните два одговора, кои упатуваат на позитивен став кон понуденото тврдење. Врз основа на така конструираните податоци може да се констатира дека за испитаниците граѓани најприоритетен начин е зголемувањето на буџетот за одбрана и безбедност. Со тој став се согласиле 61,58 % од испитаниците

граѓани. Потоа следува согласноста со ставовите: „враќање на општата воена обврска“ со 59,08 %, со „јакнење на сојузништвото со Русија, Кина и др.“ со 48,69 %, со „членство во НАТО“ со 48,03 %, со „членство во Европската Унија“ со 47,50 %, со „стратешко партнерство со САД“ со 37,24 % и на крајот со „објавување на воена неутралност“ се изјасниле 35,40 % од испитаниците граѓани.

***Графикон број 22. Во која мерка следните работи можат да придонесат за зачувување на безбедноста на Македонија? – институции***




Што се однесува, пак,на одговорите на испитаниците вработени во институциите од областа на безбедноста, позитивните оценки на ставовите за начините на зачувување на безбедноста на Македонија се поинакви. Имено, 71,33 % од испитаниците сметаат дека најдобар начин за зачувување на безбедноста на Македонија е со нејзино „членство во НАТО“, потоа 67,13 % со „членство во Европската Унија“, 63,77 % со „стратешко партнерство со САД“, потоа доаѓаат оценките со „зголемување на буџетот за одбрана и безбедност“ – 60,29 % од испитаниците. Нешто помала е пропорцијата на испитаниците кои се залагаат за „враќање на општата воена обврска“, односно 41,48 %, потоа со „објавувањето на воена неутралност“ 25,37 % од испитаниците и многу малку или 17,17 % испитаници со „јакнење на сојузништвото со Русија, Кина и други земји“.

Ако се споредат позитивните ставови на испитаните по групи, тогаш ќе констатираме дека редоследот на начините за зачувување на безбедноста на Македонија кај овие две групи испитаници се разликува.

***Преглед број 1. Ставовите на испитаниците за начините за зачувување на безбедноста на Македонија***

| | ***граѓани*** | ***институции*** |
|---|---|---|
| 1 | Зголемување на буџетот за одбрана и безбедност | Членство во НАТО |
| 2 | Враќање на општата воена обврска | Членство во Европската Унија |
| 3 | Јакнење на сојузништвото со Русија, Кина и др. | Стратешко партнерство со САД |
| 4 | Членство во НАТО | Зголемување на буџетот за одбрана и безбедност |
| 5 | Членство во Европската Унија | Враќање на општата воена обврска |
| 6 | Стратешко партнерство со САД | Објавување на воена неутралност |
| 7 | Објавување на воена неутралност | Јакнење на сојузништвото со Русија, Кина и др. |

Разликите во оценките се резултанта на различните информации што ги поседуваат испитаниците граѓани од испитаниците вработени во институциите задолжени за безбедноста на земјата.

## ОЦЕНКИ ЗА СРЕДСТВАТА СО КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВА ГРИЖА ЗА БЕЗБЕДНОСТА

Значајно прашање за остварувањето на безбедноста е примената на средствата со која таа се обезбедува. За таа цел во инструментот беше поставена батерија од 7 прашања и едно контролно прашање од типот „на некој друг начин“.

***Графикон број 23. Со кои средства би требало државата на која што и припаѓате да се грижи за својата безбедност? - граѓани***




Највисоко вреднуван (изразен преку одговорите „се согласувам“ и потполно се согласувам“) има ставот „со зголемување на животниот стандард на граѓаните“. Оваа констатација позитивно ја оцениле 76,05 % испитаници граѓани. Тоа укажува дека во перцепциите на граѓаните е особено значајна свеста дека животниот стандард е една од претпоставките која обезбедува најдобра грижа за безбедноста. Потоа следуваат оценките дека со економски средства („со подобра економска соработка со други држави и нации“) – 70,53 %, „поголема еколошка заштита и ригорозни казни за екозагадување“ – 70,13 %, „со построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните“ – 67,76 %, „со дипломатски средства (со добри дипломатски односи со другите држави и нации)“ – 61,97 % испитаници. Меѓу средствата кои се перципираат кај значаен број граѓани се и оние дека грижата за безбедноста државата треба да ја остварува со воени (вооружени) средства („со постоење силна армија која може да интервенира кога треба“) за што позитивно се изјасниле 55,92 % испитаници. Меѓу оценките кои имаат релативно понизок процент е ставот „со зачленување во меѓународните безбедносни организации“ (на пример, во НАТО) со 48,42 % поддршка, или „на некој друг начин“ со 43,64 % поддршка од испитаниците.

Оценките на испитаниците вработени во институциите бележат поинакви поспецифични дистрибуции.

***Графикон број 24. Со кои средства би требало државата на која што и припаѓате да се грижи за својата безбедност? - институции***




И во оваа група одговори доминира скоро едногласен позитивен став изразен во пропорција 93,62 %, дека државата најдобро ќе се грижи за својата безбедност „со зголемување на животниот стандард на граѓаните". Потоа следуваат ставовите „со поголема еколошка заштита и ригорозни казни за екозагадување" со 88,06 %, „со дипломатски средства (со добри дипломатски односи со другите држави и нации)" ‒ 84,78 %, „со економски средства (со подобра економска соработка со други држави и нации)" ‒ 78,15 %, „со построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните" ‒ 75,36 %, „со зачленување во меѓународните безбедносни организации (на пример, во НАТО)" ‒ 73,42 %, „со воени (вооружени) средства (со постоење силна армија која може да интервенира кога треба)" ‒ 51,47 % и „на некој друг начин" ‒ 44,45 % испитаници.

Резултатите од истражувањето несомнено потврдуваат дека прашањата поврзани со зголемувањето на животниот стандард, економската соработка со другите држави, еколошката заштита и владеењето на правото и правната дисциплина се дел од поддржуваните и посакуваните средства со чија по-

мош државата ќе се грижи за безбедноста на земјата. Општа оценка е дека целиот сет на ставови во оваа батерија има релативно висок позитивен пристап на испитаниците од двете групи. Доминираат пропорциите чии вредности се значително повисоки од половината испитаници по група.

## ПЕРЦЕПЦИИ, ОЧЕКУВАЊА ОД ВЛЕЗОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО

Од осамостојувањето на Република Македонија истражувачките резултати покажуваат високо ниво на поддршка на граѓаните на идејата за зачленување во НАТО. Во групата прашања која беше поставена за очекувањата што Македонија би добила од таквото членство, предмет на анализа се позитивните оценки („се согласувам“ и „потполно се согласувам“). Редоследот на нивната зачестеност укажува дека највисоко се вреднува со 56,18 % од одговорите оценката дека со членувањето во НАТО „ќе се модернизира АРМ“, потоа дека „ќе ја принуди Република Македонија да се откаже од името“ со 55,79 %, дека „ќе го зголеми приливот на странски инвестиции“ со 53,03 %, дека „ќе ја зголеми нејзината безбедност“ со 51,18 %, „ќе ја намали опасноста од надворешни напади“ со 49,21 %, „ќе доведе до загуба на суверенитетот и независноста“ со 48,42 %, дека „ќе доведе до загуба на националниот идентитет на македонскиот народ“ со 46,19 %, „ќе ја вовлече во конфликти и опасност од тероризам“ со 46,18 %, „ќе ги попречи нашите односи со Русија, Индија, Кина и др.“ 45,52 % и дека „дополнително ќе ја осиромаши земјата“ со 38,03 % од испитаниците граѓани.

Во одговорите на граѓаните, присутни се колебањата околу придобивките од зачленувањето на Македонија во НАТО, што на еден или на друг начин се резултанта на медиумската и партиската активност во последните месеци, но и на дебатите за тоа што државата губи а што добива со прифаќањето на билатералната спогодба со Република Грција и договорот со Република Бугарија.

***Графикон број 25. Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? - граѓани***




Оценките на испитаниците вработени во институциите имаат поспецифичен распоред. И тие како и граѓаните со висок степен на согласност – 73,39 % оценуваат дека со приемот на Македонија во НАТО „ќе се модернизира АРМ“ – 67,51 % „ќе се зголеми приливот на странски инвестиции“ – 56,94 % „ќе се зголеми нејзината безбедност“ – 51,77 % „ќе се намали опасноста од надворешни напади“ – 40,58 % „ќе ја вовлече земјата во конфликти и опасност од тероризам“ – 37,12 % „ќе ги попречи нашите односи со Русија, Индија, Кина и други земји“.

***Графикон број 26. Доколку Македонија влезе во НАТО, тоа...? - институции***



Значително повисоки вредности на несогласување постојат во однос на ставовите, кои на еден или на друг начин се дел од меѓупартиската дебата во земјата, а се однесуваат на тоа дека влезот на Македонија во НАТО ќе ја принуди Република Македонија да се откаже од името. Со овој став се согласуваат само 27,74 %. Нешто помало ниво на поддршка имаат и ставовите дека „ќе доведе до загуба на суверенитетот и независноста“ со 17,06 %, „дополнително ќе ја осиромаши земјата“ со 16,91 % и најниска поддршка има ставот дека „ќе доведе до загуба на националниот идентитет на македонскиот народ“ со 14,73 % од испитаниците вработени во институциите.

Втората група ставови поврзани со придобивките од членувањето на Македонија во НАТО беа оценувани со скала од Ликеров тип од „воопшто не се согласувам“ до „целосно се согласувам“. Предмет на анализа се позитивните ставови искажани како оценки и степен на согласност во кој има јасно изразен позитивен став („се согласувам“ и „целосно се согласувам“).

***Графикон број 27. Оценки за придобивките од членството во НАТО – граѓани***




Рангирањето е извршено врз основа на збирот на пропорциите за секој став одделно. Највисоко ниво на поддршка со 61,5 % кај испитаниците граѓани има ставот „не сакам војниците на АРМ да бидат присилени да војуваат за интересите на другите земји“. Потоа, со ниво на поддршка од 58,43 % е ставот „со вле-

гувањето на Република Македонија во НАТО сојузот, војската на Република Македонија ќе биде подобро опремена", следува ставот „НАТО сојузот ќе има значителна улога во постигнување на повисок степен на безбедност на Република Македонија" со ниво на поддршка од 50,65 %. Со слична поддршка е и ставот „со влегувањето во НАТО сојузот Република Македонија ја губи можноста за самостојно одлучување во кризните ситуации важни за неа" со 50,13 % од испитаниците. Следната група ставови има нешто пониски пропорции на поддршка, но повисока од две петтини од испитаниците. Така, ставот „НАТО сојузот обезбедува партнерски однос на помалите и поголемите армии" е поддржан од 49,74 % од испитаниците граѓани, ставот „со влегувањето во НАТО Македонија ја губи суверeноста, таа има зависен статус" е со 48,55 % поддршка. Ставот „влегувањето во НАТО сојузот, на Република Македонија ќе ѝ овозможи развој на инфраструктура (телекомуникациска, воздухопловна, сообраќајна) е прифатлив за 46,06 % од испитаниците, „НАТО сојузот ќе има значителна улога во економскиот развој на Република Македонија" за 45,00 %, „влегувањето во НАТО сојузот е економско оптоварување за Република Македонија" со 43,82 %, „НАТО сојуз ќе ги исклучи сите евентуални конфликти на Република Македонија и соседните држави" со 40,00 %, „со влегувањето во НАТО сојузот ќе се крене општото ниво на знаење на повисок степен" со 39,74 %, „со влегувањето во НАТО сојузот се зголемува ризикот од терористичките напади" со 38,29 %, „НАТО е неприроден сојуз на држави поради разликите во целите и интересите на неговите членки" со 38,03 % поддршка од испитаниците граѓани. Најслабо поддржан став со помалку од една третина од испитаниците граѓани е тврдењето: „НАТО сојузот е организација која ја губи смислата поради која е основана" со 35,27 % од испитаниците граѓани.

Слично е нивото на поддршката и кај испитаниците вработени во институциите задолжени за безбедноста во земјата. Може да се уочи дека една група ставови имаат значителна поддршка која е над половината од испитаниците, а втората група позитивни ставови е нешто повисока од една третина од испитаниците, односно укажува дека негативно определените ставови имаат понагласено значење.

Највисоко позитивно е оценет ставот „НАТО сојузот ќе има значителна улога во постигнување на повисок степен на безбедност на Република Македонија“. Имено, 80,71 % од испитаниците се согласуваат или целосно се согласуваат со таквото тврдење. И следните тврдења имаат значително висока поддршка кај испитаниците. Така,  72,80 % од испитаниците се согласуваат дека „со влегувањето на Република Македонија во НАТО сојузот, војската на Република Македонија ќе биде подобро опремена“, а 65,19 % сметаат дека „НАТО сојузот обезбедува партнерски однос на „помалите и поголемите армии“.

Во таа насока се и оценките на ставовите според кои „влегувањето во НАТО сојузот, на Република Македонија ќе ѝ овозможи развој на инфраструктура (телекомуникациска, воздухопловна, сообраќајна)“ со 65,00 %, „НАТО сојузот ќе ги исклучи сите евентуални конфликти на Република Македонија и соседните држави“ со 58,40 % и „НАТО сојузот ќе има значителна улога во економскиот развој на Република Македонија“ е позитивен став за 51,45 % од испитаниците вработени во институциите од областа на безбедноста.

***Графикон број 28. Оценки за придобивките од членството во НАТО - институции***



Втората група ставови има значителна поддршка од две до една четвртина. Имено, испитаниците вработени во институциите позитивно го оценуваат ставот според кој „со влегувањето во НАТО сојузот ќе се крене општото ниво на знаење на повисок степен“ за 39,71 % од испитаниците, за 37,04 % од испитаниците „влегувањето во НАТО сојузот е економско оптоварување за Република Македонија“, за 35,29 % „со влегувањето во НАТО сојузот Република Македонија ја губи можноста за самостојно одлучување во кризните ситуации важни за неа“. Исто така, 35,29 % испитаници го прифаќаат ставот „не сакам војниците на АРМ да бидат присилени да војуваат за интересите на другите земји“, за 26,32 % „со влегувањето во НАТО сојузот се зголемува ризикот од терористичките напади“, за 23,53 %, „НАТО е неприроден сојуз на држави поради разликите во целите и интересите на неговите членки“, за 21,17 % „со влегувањето во НАТО Македонија ја губи сувереноста, таа има зависен статус“ и за 20,00 % испитаници „НАТО сојузот е организација која ја губи смислата поради која е основана“.

Понудените дистрибуции упатуваат дека меѓу испитаниците граѓани и вработени во институциите постојат сличности и разлики околу придобивките на Република Македонија од членувањето во НАТО. Може да се констатира дека негативната кампања која се води во рамките на политичките разлики во Република Македонија околу начинот на решавањето на билатералните спорови, особено со Република Грција, е оптоварена и со определена негатива реторика против НАТО, што на еден или на друг начин влијае и на ставовите на граѓаните, како во однос на висината на поддршката, така и во однос на одделни придобивки со вклучувањето на земјата во оваа Алијанса.

## ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТ – БЕЗБЕДНОСНИ ИНДЕКСИ

Изградбата на Индексот на безбедност ја дефинираве како процес на конструирање, односно процес на идентификување на индикаторската структура на поимот „безбедност“. Истражувачкиот напор е насочен кон тоа да се утврди сет на погледи и концепти околу поимот безбедност и настојувањето да се идентификуваат основните индикатори, кои подолгорочно, на организиран начин ќе можат да се следат и да воопштуваат во показатели кои ќе упатуваат на добрите безбедносни политики, но и ќе укажуваат или ќе ги идентификуваат спорните, поточно подрачјата кои можат да предизвикаат промена или вложување на безбедноста. Овде не треба да се запостави фактот дека безбедноста е сложен и динамичен процес, подложен на бројни, најчесто непредвидливи промени, но и поим околу кој постојат толку спротивставени ставови, концепти и гледишта, што го усложнуваат или чинат неможен процесот на усогласување.

Индексот на безбедност се конструира на тој начин што се групираат ајтемите по одделни подрачја, според поширокиот концепт на безбедност, на девет подрачја, при што се дефинираат девет специфични, но и одделни индекси. Ајтемите во инструментариумот се конструирани со одговори изразени во скала од Ликертов тип, така што се создадени претпоставки за еднаков распон на варијаблата. Како дел од изградбата на Индексот е проценката на конзистентноста на батериите варијабли изразени преку вредносите на Кромбаховиот алфа коефициент и интеракциите на коефициентите на корелација, посебно преку пресметувањето на корелативни матрици, што на еден или на друг начин укажуваат на степенот на доверба што може да се очекува и да се прифати при третирањето на вредностите на одделни варијабли. Индексот на безбедност се формира според следниот аналитички концепт: Вредностите на одделниот индекс беа формирани врз основа на пондерираните вредности и примената на моделот, при што распонот

на пондерите ($p_x$) беше од 1 до 5, при што се создаде основа за споредување на вредностите во одговорите. Врз основа на сегашното искуство, авторскиот тим е на гледиште дека тој обезбедува солидна основа за негово натамошно надградување на индексот како синтетички показател.

Индексот на безбедност е конституиран на тој начин што сите вредности се пондерирани од 1 до 5 како искуство што се применува во оценувањето во образовниот процес. Најниската вредност значи и најслаба вредност, највисоката значи највисока вредност.

Врз основа на така конструираниот модел за секој вид безбедност е пресметан посебен коефициент, кој обезбедува тежинска структура на показателот. Според тоа, Индексот претставува синтетички показател, кој колку има повисока вредност толку повисоко ги вреднува добрите и благопријатните сознанија во оценувањето на безбедноста.

## ИНДЕКС НА ВОЕНА БЕЗБЕДНОСТ

Индексот на воена безбедност, според мислењето на граѓаните, е второ рангиран, а припадниците на институциите оценуваат дека е трето рангиран индекс, кој се наоѓа по индексот на личната безбедност и државната безбедност.

Кога ќе се проанализираат добиените резултати не постои голема разлика во однос на оценувањето на воената безбедност кај граѓаните и институциите кај кои според дадените одговори може да се извлече индекс од 3,25 процентни поенти, односно 3,34 е другата оценка. Тоа говори дека тие немаат драстично големи разлики во однос на состојбата на воената безбедност која се однесува за ризиците и заканите по неа, а воедно и реформите кои се спроведуваат во овој ресор каде повеќе од 10 години се вложуваат минимални буџетски средства. Сликата околу финансиската кондиција на македонската одбрана бавно но почна

да се менува. За разлика од пред шест месеци сега имаме пад на индексот на воената безбедност 3,78, иако е во параметарот на добар. Овој мал пад веројатно се должи на процесот на уставни измени заради решавање на грчко-македонскиот спор и имплементација на Преспанскиот договор.

Поголем дел од граѓаните кои одговорија на прашањата од ова истражувања се убедени дека безбедноста на Македонија однадвор не може да биде загрозена со вооружена агресија врз самата државата, тоа мислење го делат и институциите.

Граѓаните и понатаму имаат позитивно мислење за Армијата на Република Македонија и нејзиниот придонес за чувството на безбедност. Независно што АРМ нема директна надлежност во сигурноста на граѓаните, сепак, таа непосредно преку поддршката на полицијата на границата кон Грција дава индиректна поддршка на внатрешната безбедност. Најголемиот дел од граѓаните не се запознаени со новите мисии и улога на АРМ надвор од територијата на Република Македонија. Сè уште голем дел очекува дека Армијата може да се употреби за решавање внатрешни прашања поврзани со безбедноста на Република Македонија. Постојат повеќе контролни алатки кои тоа го оневозможуваат или кога ќе се прогласи кризна состојба, во сложената процедура се вклучени Претседателот на Републиката и Собранието. Затоа 3,38 е индексот кој произлегува од дадените одговори на прашањето кој може најдобро да ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство.

АРМ е придонесувач на безбедноста и стабилноста во светот и регионот и на тој начин непосредно придонесува и за безбедноста на граѓаните во нашата држава.

Со постоење  силна армија државата може да интервенира кога треба за да ја заштити безбедноста на државата мислат околу 3,47 индекси поенти самите граѓани, односно околу 3,38 е индексот кој произлегува од мислењето на припадниците на институциите.

После долг децениски период, за прв пат забележуваме воздржано мислење кај граѓаните за Северноатланската алијанса и очекувањата кои ги имаат од неа. Врз основа на дадените одговори само 2,57 изнесува индексот за граѓаните, а 2,87 е индексот за институциите кои оценуваат дека НАТО може да ја заштити (ин)директно внатрешната безбедност на граѓаните, односно зачленувањето на Република Македонија во меѓународните организации има 3,33 индекси поенти добиени од граѓани, за разлика од институциите каде според одговорите 4,02 индексни поени имаат очекувања за поголема заедничка соработка, со што индиректно придонесуваат за безбедноста на секоја држава-членка, вклучително и Република Македонија. Запрашани во која мерка може да се придонесе за зачувување на безбедноста на Македонија преку одредени алтернативи и можности, како, на пример, враќање на општата воена обврска, јакнење на сојузништвото со Русија, Кина и др. или членството во НАТО, кај граѓаните најголем индекс од 3,39 има опцијата за градење посебни односи преку јакнење на сојузништвото со Русија и Кина. Овие податоци потврдуваат дека има влијание обидот на Русија да го спречи ширењето на НАТО на Балканот, користејќи го долгогодишниот спор со името или други активности кои се забележуваат на територијата на Република Македонија. Проектираа алтернативни пораки дека НАТО не е добра опција за Република Македонија, со цел ширење конфузија и несигурност меѓу луѓето. За разлика од кај граѓаните, во институциите индексот од 2,25 говори дека припадниците на официјалните служби сметаат дека земјата нема други алтернативи за својата иднина, за нив единствен придонес кон зачувување на безбедност може да се обезбеди преку членството во НАТО. Заложбата за враќање на општата воена обврска кај граѓаните во Република Македонија, за што има индекс од 3,67, е опција која ќе ги врати реформите во војската назад и ќе изискува дополнителни финансиски побарувања. Дел од институциите од безбедносниот систем не ја отфрлаат можноста за враќање на отслужување на воениот рок, имајќи го предвид индексот од 3,08 проценти.

Покрај политичките, за членство во НАТО се потребни и критериуми за подготвеност на одбранбениот систем на земјата апликант за членство во НАТО. Денес од буџетот на Република Македонија се одвојуваат над 67 % за план и над 80 % за пополнетост на Армијата. Капитална инвестиција во објектите на АРМ и Министерството за одбрана се немаат направено најмалку во последните 15-20 години. Покрај тоа, 40 години е старосната граница на нашето најмодерно вооружување и опрема кои ги поседуваме. Зголемувањето на платите за вработените за 10 проценти е добра вест, но тие не се доволни да се извади АРМ од лошата состојба во која се наоѓа, бидејќи менаџирањето на ресорот одбрана не ги дава потребните конкретни резултати во ревитализација на ресурсите и средствата на Армија.

Анализите, проценките и очекувањата на воената безбедност по донесувањето на новите стратегиски документи прецизно го редефинираат нивото на постоење на заканите за безбедноста на државата и нејзиното население, како и нејзините одговори на овие закани. Преку нив се детерминираат активностите при спроведувањето на процесот за донесување одлуки, како и определување приоритети на заканите за одбраната и одбранбениот сектор.

## ИНДЕКС НА РЕГИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Индексот на регионалната безбедност има коефициент 1,30 и е резултанта на релативно високите оценки за степенот за загрозеноста на Република Македонија поврзано со перцепциите на испитаниците граѓани за „тежнеењето за создавање на т.н. Голема Албанија“, „обновата на големо-државните концепти на соседите“ и „тежнеењето за промена на границите на Балканот“.

Иако доминантно испитаниците граѓани оценуваат дека регионалното опкружување на Република Македонија во зна-

чителна мерка позитивно влијае за чувството на безбедност и се определува со средна оценка од 3,15 кај испитаниците граѓани и 3,45 кај испитаниците вработени во државните институции, оценките на групата прашања поврзани со нивото на загрозеност на Република Македонија од споменатите тежненија и најавите за промени на границите на Балканот, несомнено влијаат за намалувањето на нивото на безбедност кај испитанците. Оценката од 1,30 како општ еквивалент на оценките поврзани со „големо-државните концепти на соседите“, треба да се набљудува и во општите регионални поместувања и разлики кои се особено актуелни во времето на спроведување на истражувањето. Имено, во овој период настанаа определени заострувања на односите меѓу Косово и Србија, во значителна мера се реактуелизирани некои од концептите за односите меѓу ентитетите во Босна и Херцеговина, заострена е реториката на одделни политичари од соседна Србија кон Македонија и Црна Гора. Во овој период особено се подложни на критика билатералните договори склучени меѓу Македонија и Бугарија и Македонија и Грција, формираните комисии кои ги оценуваат учебниците и дебатираат за разликите во интерпретацијата на историските настани, како и тоа дека се нагласени разликите меѓу глобалните играчи на Балканот, што сè на сè влијае на проценувањето на определени ризици по безбедноста на земјата.

Регионалната безбедност на Република Македонија со индекс од 1,30 е зависна од соседните држави. Активната политика во надворешно политичките односи која ја презема Владата на Република Македонија, особено во регионалната соработка, очигледно дека не извршила доволно влијание кај граѓаните и во нивното изјаснување доминираат позитивните ставови за степенот на загрозеност на земјата од овие концепти.

Идејата за Голема Албанија кај дел од испитаниците сè уште е жива и може да влијае во внатрешното дестабилизирање на Република Македонија. Тоа повеќе е последица на

внатрепартиските дебати кои ова прашање го фокусираат како прашање за политичка хомогенизација на населението, особено поврзано со дебатите околу т.н. „Тиранска платформа“, реторика која се одвива на релација позиција-опзиција по однос на договорите со Република Бугарија и Република Грција, односот на одделни опозициони партии на Албанците во Македонија, со радикализирање на некои од барањата поврзани со федерализацијата и пренагласувањето на етничката димензија во разбирањето на државата и во градењето на политиката. Тие дебати добиваат призвук дека државата Македонија се доживува како мост преку кој ќе се оствари етничко (национално) обединување на Албанците во една држава. Таквата претстава во основа е дел од политичката борба и потребата од зафаќање на просторот во кој ќе се обезбеди подобра изборна појдовна позиција кај дел од електоратот кој ги поддржува овие политички партии. Тоа, исто така, е последица и на долгогодишната практика во партиската борба да се користи националистичка реторика како основа за политичката хомогенизација и за обезбедување подобри стартни позиции во политичките договарања и на изборите.

Во последно време сведоци сме дека на ниво на држава помала е опасноста да се изврши агресија од друга држава во регионот, повеќе има предизвици на меѓународен план независно од националните и регионалните проблеми. Република Македонија има три соседни земји кои се членки на НАТО. Значи, особено влијание и битен елемент кога се разгледува регионалната безбедност на Република Македонија е односот со соседите.

## ИНДЕКС НА ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ

Индексот на економска безбедност е граден од сет прашања поставени во повеќе батерии. Имено, општиот индекс на економска безбедност има вредност од 2,53, што може да

се смета дека има вредност добар. Оценките на испитаниците граѓани се синтетизираат во вредност 2,49, а на испитаниците вработени во институциите 2,57. Особено влијание на висината на индексот на безбедност имаат позитивните оценки на степенот на загрозеност на Република Македонија одвнатре во услови на социјални потреси и штрајкови, финансиската презадолженост на Македонија, невработеноста, сиромаштијата, и влијанието на чувството на безбедност поврзано со лошата економска состојба и сиромаштијата.

Втората група индикатори, кои имаат позитивна конотација и го оценуваат чувството на безбедност, има значително повисоки коефициенти, се однесува на констатацијата дека испитаникот има работа, е економски стабилен, како и во однос на начинот на решавањето на безбедносните предизвици поврзани „со економски средства (со подобра економска соработка со други држави и нации)“ и со „зголемувањето на буџетот за одбрана и безбедност“. Посебно позитивно влијание има сетот  оценки поврзан со очекувањата од приемот на Македонија во НАТО, каде оценките на испитаниците граѓани и испитаниците вработени во институциите имаат високи вредности. Така оценката според која „доколку Македонија влезе во НАТО, тоа ќе го зголеми приливот на странски инвестиции“, е оценета со средна оценка 3,59, кај испитаниците граѓани со средна оценка 3,46, а кај испитаниците вработени во институциите со средна оценка 3,71. Слични се оценките по очекувањата дека влегувањето во НАТО сојузот  на Република Македонија ќе ѝ овозможи развој на инфраструктура, дека ќе има значителна улога во економскиот развој на Република Македонија и дека влегувањето во НАТО сојузот е економско оптоварување за Република Македонија.

Несомнена е претпазливоста на испитаниците во однос на оценувањето на економски и социјално ранливите и експлозивни проблеми кои можат да се појават како резултанта на сиромаштијата, невработеноста, финансиската презадолже-

ност на земјата, како и од опасноста од појавата на немири, социјални протести и штрајкови, кои  на еден или на друг начин влијаат на стабилноста на економските односи и на општествениот развој во целина.

## ИНДЕКС НА ПОЛИТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

**Индексот на политичката безбедност** е конструиран од тринаесет ставови. Неговата општа вредност е 2,22, што може да се смета за доволен резултат. Оценките на граѓаните се особено ниски и тие имаат вредност од 2,27 и оценките на испитаниците вработени во институциите имаат просечна оценка 2,16. Структурата на ваквите оценки ја детерминираат осум ставови од кои во шест се оценува чувството на загрозеност или опасноста од загрозување. Врз чувството на загрозеност особено влијаат оценките за нестабилноста на политичкиот систем, зависноста на судството и нарушените меѓупартиски односи. Во тој контекст се оценките за степенот на загрозеност на земјата одвнатре, при што тие опасности се согледуваат во нивото на демократијата, порастот на напнатостите во национално мешаните средини, лошата работа на државните органи. Во овој скор на ниски оценки се нивото на довербата кон Собранието и Владата, како одредници во кои граѓанинот проценува дали ќе им се обрати за помош при потребата од решавање проблем.

Втората група  ставови се одликуваат со значително високи вредности кои се движат од 2,14 при оценката на ставот дека „со влегувањето во НАТО, Македонија ќе го загуби суверенитетот", кај испитаниците вработени во институциите, до оценката на ставот „затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот", кај оваа иста група испитаници за придонесот за чувството на безбедност со вредност од 4,59. Слични се оценките и кај испитаниците граѓани чии вредности се движат од 3,54 при оценката на ставот „влегувањето на НАТО ќе

доведе до загуба на суверенитетот“, сè до 4,10 во оценките за ставот „затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот“ при оценката на чувството на безбедност. Во структурирањето на овој индекс се вклучени и ставовите за тоа дека со „влегувањето во НАТО, Македонија ја губи сувереноста и независниот статус“, со оценка од 3,44 кај испитаниците граѓани и оценка 2,54 кај испитаниците во институциите, потоа оценките за начините на кои државата се грижи за безбедноста изразени низ оценките на ставот „со построги закони и поголема дисциплина меѓу граѓаните“, оценето со 3,90 кај испитаниците граѓани и 4,07 кај испитаниците од институциите и преку грижата на државата за безбедноста со примена на дипломатски средства (со добри дипломатски односи со другите држави и нации), со оценка од 3,68 кај испитаниците граѓани и 4,34 кај испитаниците вработени во институциите.

Оценките за политичката безбедност несомнено укажуваат на сложените политички состојби и односи изразени преку високиот степен на корупција во општеството, нефункционални, партизирани и парализирани институции, со отсуство на демократски капацитет за владеење, со видливи партиски поделби и конфликти, со примена на средства и постапки кои не се компатибилни со принципите на модерното владеење и демократска борба, па сè до нагласената пропагандна активност како метод за водење на јавниот дискурс. Индексот на политичка безбедност со вредност од 2,27 реално е индикатор кој укажува дека реформите и процесот на јакнење на безбедносните реформи треба да отпочне од оваа сфера.

## ИНДЕКС НА ЕКОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ

Еколошките катастрофи кои се случуваат треба да се менаџираат преку секојдневно донесување одлуки во однос на идентификуваната опасност и вклучување на сите практични и разумни мерки да се минимизира влијанието на опасноста.

При тоа треба да се идентификуваат опасностите кои се однесуваат на заштитата на животната средина и да се изврши анализа на ранливоста, како и процена на влијанието на социјален, политички, економски и друг план.

Индексот на еколошката безбедност според дадените одговори на двете поставени прашања изнесува 2,80 индексни поени кај граѓаните и 2,98 индексни поени кај припадниците на безбедносниот систем. Според двете групи на испитаници, нужно е потребно државата да вложи многу поголеми финансиски средства и да подготви посебен план со буџетска конструкција за поголема еколошка заштита и воедно да предвиди ригорозни казни за екозагадувањето. Според позитивно дадените одговори, индексот изнесува 3,95 индексни поени кај граѓаните и 4,49 индексни поени кај институциите, што значи едногласен крик до државата за заедничка акција против загадувањето на воздухот и животната средина. Во однос на климатските промени, како заеднички проблем на сите држави кај институциите и самите граѓаните не постои свесност за тој глобален проблем и покрај тоа што се наоѓа високо на агендата на повеќе влади и лидери.

Главната задача во справувањето со ризиците и заканите ја има системот за управување со кризи, воедно постојат повеќе стратешки документи кои ги опфаќаат еколошките закани и ризици. Денес природните закани со сериозни размери покажаа дека тој сегмент на управувањето со кризи е потребно да биде дополнет со екипирање и модернизирање. Воедно системот на превенција треба да се усоврши. Во сите набројани ситуации е наведена и поддршката од Армијата и координацијата мора да се зголеми, пред сѐ, меѓу АРМ и МВР. Управувачкиот комитет на ЦУК не е доста ефикасен и генерално целиот систем е маргинализиран.

Инаку, нивото на еколошка заштита во Република Македонија е едно од најлошите, ист е случајот и со другите балкански

држави. Таа може да се обезбеди со висок економски развој и со средства од Буџетот, кои кај нас не се одвојуваат. Во блиска иднина Република Македонија нема да вложи средства во еколошка заштита и свеста за овие закани и нивото на смртност од некои болести кои произлегуваат од загаденоста не е вградена кај политичката елита. Ако имаме политички проблем тој се гледа и ќе се настојува да се реши, а еколошките проблеми во малите држави не се таргетираат како проблем. Значи, не постои свест дека Република Македонија е доста загадена држава. Кога се зборува за екологија секогаш има две јавности во земјата. Едната од нив е експертската јавност која алармира, и од друга страна, се политичарите кои ги минимизираат еколошките проблеми. Далеку сме од дебатите за еколошка безбедност, бидејќи сѐ уште се занимаваме со традиционалните груби форми на безбедност, дали може да има терористички акт, етнички судир итн.

## ИНДЕКС НА ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ

Личната безбедност можеме да ја дефинираме како состојба на општеството во која поединците – негови членови слободно ги задоволуваат и ги штитат своите основни потреби и вредности и ги остваруваат граѓанските права и слободи кои се услов за развој на современото демократско општество.

Според реализираното истражување на Индексот на безбедност, делот на личната безбедност е проценет од страна на граѓаните со 3,47 индексни поени, а од страна на припадниците на институциите на безбедносниот систем со 3,74. Овој индекс е највисок во однос на останатите 8 индексни сектори и е конституиран како синтетички показател од 8 ајтеми со исти мерни скали. Индексот на личната безбедност во себе ги содржи оценките за чувството на безбедност, загрозеност, владеењето на правото, за степенот на доверба во институциите и извршувањето на заштитната функција и за подрачјата во кои тие се најбезбедни и непречено ги остваруваат своите функции.

Според дадените одговори, за чувството за безбедност во средината во која живеат и работат се дадени високи оценки од страна на граѓаните 3,40 и 3,55 кај институциите. Овде за разлика од првите шест месеци од 2018 година регистрираме раст на чувството на индивидуална безбедност кога индексот на личната безбедност, односно автоперцепцијата за сопствената безбедност имаше вредност од 2,86 наспроти сегашните 3,40 индексни поени, што означува дека има позитивен раст. Ова веројатно не се должи само на лични чувства, туку како резултат на вложувањата кои се направени од страна на МВР во јавната безбедност, функционирањето на полициските станици и генерално зголемување на контролните механизми за безбедноста во локалните заедници и конечно функционирање на советите за превенција во општините. И покрај тоа кај дел од граѓаните и припадниците на институциите има мислење кое е високо 3,80 индекси кај самите граѓани, и дури 4,02 кај припадниците на безбедносниот систем дека постои подготвеност кај граѓаните самите да се заштитат себеси. Поради тоа е потребно да се посвети посебно внимание на имплементацијата и почитувањето на законот на оружје и неговата употреба од поединци и групи. Во тој прилог одат и дадените одговори на прашањето: „според Вас кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство", според кои одговорот „самиот јас", кога аналитички ќе се пресмета има вредност од 4,03 кај граѓаните и 4,34 кај припадниците на државните институции. Кога станува збор за помош од пријателите тука бележиме мал пад на индексот, кој кај граѓаните кои беа анкетирани изнесува 4,03, односно кај лицата кои се вработени во безбедносниот систем е 4,34 индексни поени. Во анкетата правиме обид да видиме како испитаниците ја рангираат безбедноста во однос на нивната сигурност кај местото на живеење, нивната куќа, стан или, пак, личната физичка безбедност. Последниот индекс на физичката безбедност во делот на личната сигурност има најмалку поени и изнесува 3,64 кај граѓаните, односно 3,72 кај институциите. Во областа/местото во која живеат личното чувство на сигурност е 3,77 индекси кај граѓаните, односно 3,81 е

процeнетото мислење кај припадниците на системот. На прашањето да се оцени во која мерка се чувствуваат безбедни во однос на нивната куќа или стан таму индексот е 4,09 според дадените одговори кај граѓаните, односно кај безбедносниот систем припадниците дале одговори кои изнесуваат околу 4,06 процентни поени.

Забележаниот раст на личната безбедност кај граѓаните на Република Македонија се должи на вложениот напор и преземените активности од страна на Министерството за внатрешни работи во однос на безбедноста на граѓаните во локалните заедници, како и јавната безбедност и активностите на превенција. Воедно може да се истакне дека зголемувањето на степенот на демократија и слободата на говор, како и искажаната подготвеност за реформи во медиумскиот простор влијаат на личната перцепција за безбедноста на себе, домот во кој живеат и местата каде го поминуваат слободното време.

## ИНДЕКС НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Добро да се управува со едно општество, на локално или на национално ниво, е траен и транспарентен процес во кој одлуките се донесуваат преку интеракција на јавните и приватните институции, овозможувајќи им можност на субјектите, со почитување на меѓусебните разлики, да ги идентификуваат и да ги формулираат своите интереси на најдобар можен начин. Добро владеење е поим за процесот на донесување и воспоставување, поточно имплементирање одлуки. Индексот на добро владеење е конституиран од вредностите на десет ајтеми. Пет се однесуваат на чувството на загрозенот или опасностите од загрозување и имаат особено високи вредности. Ако чувството на загрозеност се оценува високо, чувството на безбедност е ниско. Значи, индексот на безбедност за доброто владеење го сочинуваат оценките за нивото на демократијата кое се оценува со 1,26 кај испитаниците граѓани, односно 1,00

кај испитаниците вработени во институциите, следува нестабилноста на политичкиот систем (оценка 1,32 кај граѓаните, 0,97 кај институците), нарушените меѓупартиски односи (1,19 кај граѓаните, 1,13 кај институциите), лошата работа на државните органи (1,26 кај граѓаните, 1,18 кај институциите), зависноста на судството (1,55 кај граѓаните, 0,94 кај институциите).

Втората група индикатори ја сочинуваат оценки кои се релативно повисоки во однос на претходните, а се однесуваат на придонесот за чувството за безбедност поврзано со ставот дека „државните органи добро си ја работат својата работа" (со оценка кај граѓаните и институциите од 3,10), потоа со ставот кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на поединецот и неговото семејство, а се однесува на Армијата (со оценка од граѓаните 3,38 и институциите 3,18), полицијата (со оценка 3,45 од граѓаните и 3,37 од институциите), со построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните (со оценка 3,90 од граѓаните и 4,07 од институциите) и грижата на државата за безбедноста со дипломатски средства и со добри односи со други држави и нации (со оценка 3,68 од граѓаните и 4,34 од институциите).

Врз основа на изградените оценки може да се констатира дека општата оценка на индексот за доброто владеење изнесува 2,37 (оценката на испитаниците граѓани е 2,41, а на испитаниците вработени во институциите е 2,33), што е во групата на индикатори кои укажуваат дека доброто владеење е во корелација со другите индекси. Тој укажува дека во општеството треба да се инвестира во капацитетите посебно во образованието за подигнување на квалитетот и во подобрувањето на принципите на јавност, отчетност и одговорност. Во јавниот сектор доброто управување се базира на систем на проверки и баланси меѓу различните гранки на власта (законодавната, извршната, судската). Се смета дека тоа вклучува и процес на редовна консултација меѓу владините органи и општата јавност, така што властите одговараат пред граѓаните за нивната доверба и гарантираат дека им служат на нивните интереси.

Управувањето е концепт кој главно се однесува на начинот на кој се добива, се пренесува и се практикува моќта за донесување одлуки во рамките на едно општество или организација.

Причините за ваквите оценки се бројни, но во основа би можеле да се бараат во долгогодишната институционална криза во Република Македонија, во свеста и сознанието дека институциите во определена мера се партизирани и дека немаат доволен капацитет да ги остваруваат функциите, дека институциите се заплиснати со корупција и корупциски скандали, дека е „заробена држава“ во која не владее правото и дека правдата и правичноста се заборавени содржини. Во неа, јавноста, отчетноста и прозрачноста (транспарентноста) на процесите на донесување на одлуките, но и одговорноста се мислена именка. На тоа погодуваа и определени неснаоѓања на новите кадровски решенија по локалните избори, како и начинот на извршувањето на функциите на определен број носители на јавни и одговорни функции, поврзани со користењето на „привилегиите“ со патувања или начинот на објавување поезија на млади поети. Таквиот општествен амбиент несомнено е еден од индикаторите за релативно понискиот степен на оценка.

## ИНДЕКС НА СОЦИЕТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Социеталната безбедност се поврзува со способноста на општеството да ја заштити својата карактеристика и специфичност во услови на варијабилни и динамични случувања и покрај потенцијалните закани со кои се соочува. Идентитетот претставува сет на идеи и практики преку кои одредена индивидуа се идентификува со соодветна социјална група во општеството.

За стабилна социетална безбедност може да говориме кога ќе се постигне целосно меѓусебно почитување и доверба во Република Македонија. Охридскиот рамковен договор беше

еден чекор кон промена на Уставот на земјата за подобро да се рефлектираат одредени нешта во делот на интеграцијата на различните етнички заедници и да се постигне тој степен на меѓусебна доверба за да стоиме заеднички зад Република Македонија и да ја градиме оваа куќа со здрави меѓуетнички односи и висока доверба и со тоа поставуваме добар темел на нашата заедничка куќа која ќе биде под покривот на НАТО и ЕУ.

Кога говориме за идентитетската безбедност, се случува длабок внатрешен македонски судир околу тоа каква Македонија сакаме да градиме. Тој судир нема потенцијал да ја дестабилиза Република Македонија до ниво да се распаднат границите. Внатрешниот македонски судир има влијание врз нивото на демократија во земјата, бидејќи демократијата е веќе жртва на тој судир на концепти кој е многу пожесток во однос на другите транзициски држави и често се случува надвор од институциите. Тој судир на тие два профилирани јасни македонски концепти како понатаму да се развива државата тоа може да го забави нашето напредување во демократијата следната деценија, со што се губи многу време. Тој тип на судири и тензии може лошо да влијае на имиџот на земјата како потенцијална дестинација за инвестиции, што ќе придонесе за фрустрации кај етничките Македонци и може да доведе до зголемување на емигрантските бранови, значи до ново иселување на Македонците од Република Македонија.

Испитувањето на индексот на безбедноста за втората половина на 2018 година може да констатира дека има драстичен пад на социеталната (идентитетската безбедност) во однос на првата половина од изминатата година. За разлика од првите шест месеци, кога индексот на социетална безбедност беше 2,72, денес тој кај граѓаните изнесува 2,04, а кај припадниците на безбедносниот систем дури 1,84 индексни поени. Овие податоци претставуваат аларм за нарушени меѓуетнички односи кои се одразуваат сега во функционирањето на институциите каде кај самите вработени постојат големи резерви и меѓусебна

недоверба, што значително се одразува врз функционирање на системот, како и врз степенот на социеталната безбедност.

За разлика од претходно кога доминантен беше ставот кај граѓаните од албанско етничко потекло кои се чувствуваа обесправени или загрижени кога не се спроведуваше Рамковниот договор, сега имаме тенденција каде самите Македонци изразуваат страв за нивниот сопствен идентитет и социеталната безбедност. Ова го потврдува добиениот висок индекс во однос на прашањата кои го одговараа анкетираните граѓани, како и вработените во институциите на безбедносниот систем на Република Македонија.

Во однос на прашањето „дали безбедноста на Македонците во Македонија е загрозена“, имаме добиено индекс од 3,50 кај граѓаните, односно 3,01 кај самите институции. Освен тоа, 3,42 индексни поени се добиени врз основа на одговорите на прашањето „дали етничките заедници ја загрозуваат безбедноста на Македонците“, за што 2,92 изнесува индексот за мислењето на вработените во безбедносните институции.

Кога се говори за идентитетските прашања, се оди до таму што се доби индекс од 2,92 кај граѓаните и 2,27 кај припадниците на безбедносниот систем во однос на прашањето „дали безбедноста на Македонците надвор од Македонија е загрозена“.

За разлика од претходниот пат за првите шест месеци, сега имаме драстично намалување кај граѓаните во однос на тоа дека може да се загрози безбедноста на Република Македонија преку наводното создавање на т.н. Голема Албанија или, пак, обнова на големо-државни концепти на соседите. Во просек индексот на овие прашања изнесува 1,33, односно 1,55 кај граѓаните, и кај вработените во безбедносниот систем е некаде околу 1,4 индексни поени.

Единственото кохезивно прашање меѓу Македонците и Албанците и сите политички партии во Република Македонија за што не постои разлика е членството на државата во НАТО.

Но, и овде се јавува за прв пат одредена загриженост веројатно поради нецелосно познавање како функционира Северноатланската алијанса и кои се нејзините цели и задачи. Доколку Македонија влезе во НАТО ќе дојде до загуба на националниот идентитет на Македонците, за што говори индексот од 3,30 кај граѓаните, односно 2,09 индексни поени кај припадниците на безбедносните институции.

## ИНДЕКС НА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Денес безбедноста зависи од форматот на поединецот. Колку поединецот чувствува потреба од лојалност кон државата, толкава е поголема можноста за стабилност на земјата. Странските можни притисоци може да се неутрализираат ако безбедноста на државата се потпира на поддршката, чувствата, определбите од граѓаните и поединците.

Во испитувањето на Индексот на безбедност имаме добиено индекс од 2,98 кај граѓаните, односно 3,41 кај вработените во безбедносниот систем во однос на државната безбедност. Во државата во која живееме дека се чувствуваат безбедни преку индекс од 3,20 се искажале испитаниците граѓани, а индекс од 3,45 кај вработените во безбедносните институции, што претставува задоволувачка бројка. Во случај на безбедносни проблеми испитаниците преферираат да се преземат дипломатски средства за решавање на евентуалните проблеми во однос на безбедноста со други држави и нации (3,68 индексот кај граѓаните и 4,34 кај безбедносните институции).

На крајот се наметнува заклучокот дека членството на Република Македонија во НАТО ќе ја зголеми безбедноста, за што е добиен индекс од 3,37 кај граѓаните, односно 3,54 индексни поени кај припадниците на безбедносниот систем.

## ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТ

Индексот на безбедност е 2,60. Неговата вредност е изведена од вредноста на индексот кај испитаниците граѓани, 2,56 и вредноста на индексот од испитаниците 2,64.

***Табела број 25. Индекс на безбедност по видови, граѓани, институции и вкупно***

| *Видови безбедност* | *граѓани* | *институции* | *збирен* |
|---|---|---|---|
| воена | **3,25** | **3,34** | **3,30** |
| регионална | **1,26** | **1,34** | **1,30** |
| економска | **2,56** | **2,65** | **2,61** |
| политичка | **2,27** | **2,16** | **2,22** |
| еколошка | **2,80** | **2,98** | **2,89** |
| лична | **3,47** | **3,74** | **3,61** |
| добро владеење | **2,41** | **2,33** | **2,37** |
| социетална | **2,04** | **1,84** | **1,94** |
| државна | **2,98** | **3,41** | **3,20** |
| **Индекс на безбедност** | **2,56** | **2,64** | **2,60** |

Структурата на индексот е изведена врз основа на вредностите на одделните индекси. Така, индексот лична безбедност е 3,61 (изведен од вредноста на индексот на испитаниците граѓани 3,47 и испитаниците вработени во институциите 3,74). Потоа следува индексот на воена безбедност со вредност 3,30 (3,25 граѓани, 3,34 институции), индексот на државна безбедност со вредност 3,20 (2,98 граѓани, 3,41 институции), индексот на еколошка безбедност со вредност 2,89 (2,80 граѓани, 2,98 институции), индексот на економска безбедност со вредност 2,61 (2,56 граѓани, 2,65 институции), индексот на добро владеење со вредност 2,37 (2,41 граѓани, 2,33 институции), индексот на политичка безбедност со вредност 2,22 (2,27 граѓани, 2,16 институции), индексот на социетална безбедност со вредност 1,94 (2,04 граѓани, 1,84 институции) и индексот на регионална безбедност со вредност 1,30 (1,26 граѓани и 1,34 институции).

***Графикон број 29. Индекс на безбедност по видови, граѓани, институции и вкупно***




Ваквата структура на индексите укажува дека индексот на: добро владеење, политичка безбедност, социетална безбедност и индексот на регионална безбедност индицираат дека се подрачја во кои треба во значителна мера да се зголеми степенот на мобилизација и нудење на политики кои ќе поттикнат инцијативи и активности за зголемување на довербата во институциите, посебно во јакнењето на институционалните капацитети, поврзани со јакнењето на демократијата и демократските процеси, со градењето на култура на дијалог и демократска политичка култура, во која партиските разлики нема да претставуваат основа за поттикнување конфликти и напнати ситуации или предизвикување конфликти. Тоа ќе придонесе за развивање на демократските принципи на одговорност и отчетност на институциите и нивна подготвеност да полагаат сметки пред граѓаните како субјекти кои ја легитимираат власта и ги финансираат институциите кои треба да бидат во функција на јакнењето на чувството за безбедност и намалувањето на ризиците и опасностите од закани.

Во тој контекст ќе се намалуваат стравувањата од опасностите кои се отвораат како барање за прекројување на границите на Балканот, раѓањето и воозобновата на големо-др-

жавните и националистички концепти за „големи држави на Балканот“ и ќе се зајакне вербата во способноста на државните органи да ги дефинираат и да ги операционализираат политиките на добрососедство, посебно во однос на начинот на решавањето на отворените прашања со Бугарија и Грција, како непосредни соседи.

Во развојот на безбедноста, клучна улога имаат: заканите и ризиците за загрозување на државата, општествено-економските и политичките односи, државното уредување, улогата на човечкиот потенцијал и граѓанскиот концепт, објективната потреба за организирање самостојна заштита на целата територија и меѓународната позиција на земјата, како и реалните можности на државата.

Сегашната поставеност на безбедносниот систем на Република Македонија не дава соодветен одговор на кризите, заканите и загрозувањата. Неопходноста за стабилност и безбедност ја наметнува потребата за градење соодветни безбедносни политики преку нови стратегии, доктрини и концепции. Постигнувањето, развојот и унапредувањето на безбедносниот систем се условени од брзината на реформите во оваа област, кои ќе овозможат развој на безбедносниот систем на Република Македонија и поголема стабилност на земјата.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Република Македонија од осамостојувањето до денес влезе во процес на самостојност со градење сопствен систем за национална безбедност, кој претставува рефлексија на актуелната внатрешна, регионална и меѓународна состојба, како и огледало на времето во кое Република Македонија се бори со актуелните безбедносни предизвици. Следењето на напорите на меѓународната заедница претставува следење на напорите за безбедност, мир и меѓусебно разбирање, што значи дека

безбедносните прашања претставуваат приоритет на државата и треба да се прифаќаат како приоритет во однос на останатите сегменти во општеството. Се чини дека токму логиката на заканите, што се потврди и преку второто издание на Индексот на безбедност и спроведеното истражување, доведе до формирање на логиката на заштита од заканите, кои секое општество ги идентификува на различен начин. Несомнено е дека граѓаните најмногу стравуваат од воените закани, но не помалку важни се економските, социјалните, еколошките, природните, здравствените, како и сè поголемата експанзија на криминалните закани.

